
2023

# Забелешките од ristovski.ch во година 2023

# Ристос се роди!

gordan 09.01.2023



Во ТХТ учеме ЗПО и ОТО. За ОНО не се сеќавам дали беше у осмолетката или у средното. Ама уште у осмолетката учеме "Домаќинство". Од Домаќинство памтам…. дека учителка ни беше Брижитка, по прекар, името и го заборавив, одамна. Толку. Тоа исто така посебна прикаска. Мислам на имињита. Прво имам проблем на некој "нов" човек името да му го запамтам, а со годините се повеќе имиња заборавам. Еве да не одам по далеку, имиња на први братучеди. Полека ама сигурно подзаборавувам некои. А имињата на "внучињата" т.е. децата од првите братучеди …
Значи во ТХТ, ЗПО, ОТО и ред други предмети. АМА веронаука никогаш не сум учел. Веронауката и религијата сме ја учеле, сега по модерно кажано, по систем "лернинг бу дуинг" ☺ . Во црква одеме со баба Зора, Бог да а просте, за сите празници. Црквата ни беше скоро речи у дворот.
А плус човек учи додека е жив! Така секоја Нова година ја почнувам со нови сознанија и празнини во меморијата (заборавени работини).

"Кавадаречкото Архиерејско Намесништво" е најновото зборче шо го научив во Лето Господово 2023-то. ИЧ немам проблеми со нови работи. Како секој човек сум љубопитен и сакам да научам нови работи и да видам нови хоризонти. АМА никако не можам да го "сварам" ноа кога треба да тераме демек некоја традиција и вера, а секоја година испаѓат нови правила у играта. Од година во година "дознаваме" за нај нови трдиции и обичаи. Тоа ти е неизбежно од кога вероисповеста се префрли од црквите на ЊЊЊ (читај интернет, фацебук, инштаграм & со). Па сега од кога поминаа (скоро) сите празници и поФторно уште у темно одам на работа, се мислам, дали сум доволно верник. Дали ќе бев подобар верник ако на мојот "ЅИД" и на сите "пријатели" со канонското "copy paste" им се уфрлам со фотошоп "дизајни" во религиозниот живот на човеците?!?!?!? Или е доволно ако на инШтагрconsidered ставам слико од Бадниковата трпеза? Или пак со детален извештај кај кого паднала "паричката" се покриваат сите верски обврски? АМА тоа со паричката пак е конфузно! Едни викат е да, други викан не, НЕ за Бадник. Паричка се деле за друг празник шо беше де… А

да. И мојот омилен датум и чин. 5ти јануари, Колејца. Денот, поточно вечерта кога се палеа оѓини и МАЖИТЕ пееја порнографски песМи!!! И Колејца, црквата вика  не, народот вика да АМА и жените не смеат да фалат… така да сето е веќе не прегледно, за мене.

И сега. Колку сум јас верник? Јас мислам дека јас сум толку ногу верник, колку шо сум и грешник. Некако на "млака вода". А како што имам спомнато, темелот на моето верско живеење го постави баба Зора. После, некогаш ногу покасно,  кога почнаме како фамилија посебно да ја славиме куќната слава прашав кај попот кој "хонорарно" беше дојден во Македонската Православна Општина во Швајцарија како оде редот са славење на празникот, одговорот беше, дека нај убаво е да прашам моите дома оти од регион до регион било различно?!?!? И така почнаме да славиме слава и секоја годинисо нови сознанија ја прилагодуваме… Ама браќа, доста е. Секоја година со нови "правила во играта" не е интересно веќе. Јас мислам дека и понатаму ќе си бидам верник, по малце, ама секој ден.

Во секој случај продолжуваме и во најновата година да виреиме како до сега и како другите ни го сценираат животот. За тоа што колку толку имаме некој пристоен живот и не сме спремни да се откажиме од убавите мали нешта за да се бориме и жртвуваме за големите, важните работи.



# вештачка интелегенција (или пак не)

gordan 12.01.2023




Скриени зад компјутерот и "QR" кодот веќе не ни приметуваат дека се дел од машинеријата наречена "вештачка интелегенција". Дека полека се човечко од нас се празне и стануваме интерфејс за единици и НУЛИ.
А ги има. И ако ретки, многу ретки, ги има. Пред некој ден за другарот Коле требаше да прашам за некои си делови. Нормално одма се почнува во ЊЊЊ со пребарување на дотичниот сервис во околината. Дигиталниот агент на интернет страната за свеЦки познатата марка ОДМА ми ги презентираше неколкуте сервиси во круг од 25 километри. Испадна и сервисот во Брунен, селото во кое е седиштето на фирмата во која работам и во кое живеевме дури бев по мал. Но се сетив дека пред неколку денови поминувајќи таму, добро, беа баш Божиќните и Новогодишните празници, сервисот ми делуваше некако како "запуштен". А плус нема ниту интернет страна, ниту е/маил адреса!!! АМА телефон, телефон има! И ајде, го завртивме бројот 041 820 .. .. (број од времето на ПТТ, кога по позивниот и првите три бројки се знаеше каде телефонираш, во кое село…) Се претстави мајсторот, кој мислев дека одамна е во пензија, или па неговиот син??? Името на таа фирма стои повеќе од 40 години на тоа место. Нејси.

- Добар ден
- Добар ден.
- За тиа и тиа мотор, таа година ми треба таков дел, може ли да се набаве и колку ќе кошта?

- Оооо, за тие постарите модели делови има ама се чека едно седум до десет денови, и последен пат кога користев таков дел беше околу толку франкови, ама ако сакате точна цена треба да се виде точно а за тоа ќе ми треба и број на шасијата од мотоциклот, ама обично, од искуство, до сега ни еден дел не постанал поефтин, секогаш поскапуваат.
- Благодарам за информацијата, ќе пренесам до другарот и ако е заинтересиран ќе се слушнеме повторно.

Вакви муабети се ретки, дури по ретки од бели мечки. Вчера исто по дел за кола. Се јавувам во автоодпад, со ниет да набавам огледало, во народот познато како ретровизор, за автомобилот (нетња го еба, го здроби ѓоа ваквоа). Се јавувам телефонски…

- Добар ден
- Добар ден
- За Тојота, таа година лев ретровизор, страна на возачот имате ли нешто?
- Господине треба да исполните формулар на нашата интернет страна !
- ?!?!? добро…

Ајде врти пак њњњ, наоѓај формуларот и го исполнив. После неколку саати (7) добивам е/маил со понуда за огледало од стара кола кое не е толку ногу сокршено колку нашето и цена 100,- фр. + ддв + поштарина = 129,80 фр. Гого пак врте телефонот и вика дали може да правиме бизнис за 100 фр, комплет?

– НЕ, цените се внесени во компјутерскиот систем и тоа се цените. беше отсечниот одговор на ‟продавачот‟
– НЕ, не го купувам, инатот не ми дозволува да го акцептирам вашиот компјутерски систем, ви посакувам пријатен ден и успешна Нова година, беше мојот одговор.

ЕЕЕЕЕЈ, Компјутерски систем, ЦВРСТИ цени!!! Во автоотпад?!?!? До вчера не знаеа шо е ЕНТЕР сега се кријат зад компјутерски системи и QR кодови.

На човек не му е јасно што се крие зад сета таа денешна ‟трговија‟. Од една страна се повеќе сѐ се префрлува во ‟интернет продавниците‟ и се повеќе продавачи во ‟вистинските‟ продавници не знаат шо продават, дури не го скенираат QR кодот. Се повеќе се губи ноа човечкото, кога еден човек/продавач ќе се пазаре за цената, без повикување на компјутерски системи, шефови и економски кризи… А можно е.

Да не одам ногу далеку. Еве од мене ќе почнам. Ногу е важно и дневното/моменталното расположение и симпатиите. Ако дојде некој филанкиш муштерија, и почне ‟имате ли тиа и тиа песок‟ ногу чест одговор е дека немаме. Ама ако дојде некој филанкиш муштерија и рече: ‟Добар ден (!), мене ми требе тиа и тиа песок‟ ногу често (секогаш) ќе добие песок. За тоа што ние на плацот имаме околу 15 врсти песок и секој од нив има по неколку ‟имиња‟, зависно дали зборуваме по регионални, швајцарски, европски или мајсторски ‟стандарди‟ ☺
АМА јас никогаш не викам, чекај, компјутерскиот систем вика…

ЈАС сум тиа шо вика ДА или НЕ. И од ситуација до ситуациј од човек до ЧОВЕК секогаш наоѓаме задничко задоволувачки резултат/бизнис ☺

Да, малку не "врзан" е виа муабет, ама се повеќе ме нервираат некои работи кои се менуваат и уште повеќе некои работи кои ни ги наметнуваат, а ние лојално и послушно ги прифаќаме без никаков отпор и борба се со желба да не ја изгубиме и таа малку удобност шо а имаме.

И така безусловно ќе ги прифаќаме како нормално

– пивото со вкус на шумски плодови
– разликата на цената на дизелот и бензинот
– поскапувањата на име енергетска криза
– заштитата на педерите и лезбејките
– џаламарите да се џоломари
– бесконечните реклами среде филм
– единичарите како политичари
– трговците кои не знаат да се пазарат
– …..

# Првославна

gordan 16.01.2023




А можеше, можеше да биде фантастичен викенд.
14ти јануари или Нова година по првославниот календар. Не, не грешка

напишано. А може и да. АМА јас и така го знам. За тоа што мојот учител по вероисповест беше баба Зора, Бог да а просте. Од неа знам за Првославната црква, за паричката на Бадник, за џаламарите, за Св. Трипун, за црвените јајца… и многу други работи кои ни ги пренеси како што она знаела.

Традицијата на Македонскиот народ убаво кажува дека во месеците со Р во името не се вози мотор. Ама јас го искористив, можеби последниот "не посолен ден" оваа зима, за да извозам некој километар со моторот, ногу убаво ми "легна" возењето. Изврши убаво "полнење на батериите". Како и очекувано со многу малку "средби" со други моторџии. Во тие [150 км]() и околу три саати по патиштата на Швајцарската Конфедерација сретнав можеби 5 – 6 други истомисленици. Само за споредба, во убави летни денови на иста патека и во исто време ќе се разминиш/сретниш со едно 500 – 600 "моторџии".

Обично мите фотографии настануваат случајно, забележани од "случаен поминувач". Ногу ретко, имам потреба да одам со намера да фотографирам нешто. Како прво, јас од фотографијата НИШТО не заработувам, а од друга страна НЕШТО шо е интересно за фотографирање сигурно е илјадници пати веќе фотографирано, од други. АМА има и такви дешавки кои ме заинтересуваат и предизвикуваат да ги забележам фотографски. [Lilu Lichtfestival Luzern](), фестивалот на светлината во Луцерн е една таква дешавка. Пред неколку години почна со светлосните перфоманси во Луцерн и на почетокот беше доста веома врло интересно, дали заради тоа што до тогаш скоро и да немавме видено нешто такво или заради тоа шо СВЕТЕШЕ од идеи. Лето Господово 2023то, Луцерн, Lilu Lichtfestival Luzern, наместо да СВЕТИ, жмирка… "осветлено" со некој концепт за штедење на струја (кое е многу актуелно во ова "свеЦка енергетска криза" повеќе е срамно од колку да не направеле НИШТО. Во стилот на "видела жабата го потковуваат коњот и она ја дигнала ногата" направено некој си "фестивал на светлината" како што би го направил IV б од ТХТ по ОТО. Нејси поминувачка нека има. А план ми беше уште еднаш да одам со камерата на проба. Ќе видам дали утре ќе се "прошетаме" до Луцерн… "Капак" на целиот концепт и "фестивал" (барем за мене) беше и тоа што на секоја инсталација се осетуваше штедењето на енергија и срамното осветлување само една црква ! беше осветлена до даска во боите на УФХЦЏШ тајфата.

И така НОВАТА година почна како што заврши старата. Со безгранично лицемерство од страна на владите и медиумите. Додека богатите, прехрабената и енергетската индустрија купчат ненормални добивки, нас ни "продават" енергетска и економска криза. Давос, кантон Граубинден, Швајцарска Конфедерација, не фестивал, "СвеЦки економски форум". 2700 учесници од 130 земји. 50 државници/претседатели, 600 директори на свецки фирми и концерни. Ќе расправат за подобрување во Светот, за штедење и за заштита на човековата околина. А у стварност, распрлање со пари, во Давос со денови просечен човек не може да влезе не дај Боже да помисли на преноќевање во некој хотел или соба! Проститутки по Швајцарија нема ни за лек, се е у Давос резервисано! Тиа шо не "учат" дека мојот дизел автомобил е нај штетен за човековата околина и светскиот поредок, допатуваа со приватни авиони!!!
Да, човек ќе рече шо те интересира тоа тебе? Оди си у црква и гледај кој ќе го

фане крстот. Ете тоа е за "народ". Да. Тоа е за народ и нема да ме интересира ако ниа лигавешите у Давос се кецат и ждерат на нивен трошок. Зошто владата на Швајцарската Конфедерација му посакува СЕКОЈА година добредојде на сите тие таму меѓу кои има и најголеми гниди и му "обезбедува" непречен престој во Швајцаријата со обезбедување од страна на полицијата и војската кои за својот анганжман во Давос неколку пати повеќе коштат и кој цех на крајот пак НИЕ нормалните даночни обврзници ќе го платиме…

Ајде, ќе помине "СвеЦкиот економски форум" и белки ќе се навикниме на енергетската и економската криза, па да поминиме на дневните проблеми.
Како шо се,
– нивото на водата во Тиквешкото езеро,
– дали се џаламараи или џоломари,
– на цената за смедеревка во реколта 2023,
– …

# стрижење, овци…

gordan 17.01.2023



Веќе неколку години, од како и јас полнам видео записи на "youtube", се прашувам со кои есап некој тоа го дозволува. За моите неколку интернет страни имам изнајмено сервер за кој плаќам околу 100 фр. годишно. И на него имам околу 100 GB место. Затоа баш ми е интересно како некој филанкиш човек ми дозволува да на неговиот сервер паркирам видеа, веќе во "ТВ" област?!?!? Без Платно!

У седум и петнајс, цртан филм. У седум и пол вести. У четврток квискотека. У сабота забавна програма.  У недела, знање имање, неделно попладне и хумористична серија после вестите. Неколку серии, неколку емисии, некој филм и тоа беше програмата на РТС. Реклами ногу немаше, или не памтам. А шо ќе рекламираа? БИЉАНА прашок или СЈАЈ ??? Ниту па на НИВЕАта и требе реклама. Тоа беше, друго нема.

Некаде на почетокот од осумдесетите години на минатиот век, Градски Ѕид Скопје, првпат у животот контакт со "приватна телевизија". Преку сателит гледаш музичка програма од странство дури. Плус, две три други програми на кои само филмови се вртеа. Реклами малце.

Се повеќе и на секаде почнаа да се раѓаат и развиваат "приватните" телевизии. Нивната егзистенција е поврзана со добивка од пружените услуги, не како државните од глобата која ја зимаат од народот, па рекламите како приход не можат да се отстранат од програмата, разбирливо.

Новодојден во "туѓуната пуста да остане" конзумирав безмерно од тиа приватните телевизии, дали серии, дали филмови повеќе на репортажи, секако и реклами, додека не ми здодеа и не ја осетив истата шема, во разни пакувања.

Интернетот. Спас. Одиш на www. и си бараш шо ти треба, гледаш шо те интересира. Во секое време. Не мора да чекаш седум и петнајс. На почеток (преди ногу години) јутубето беше не толку "наполнето", ама секогаш имаше да најдеш тоа шо те интересира. И јас почнав да го полнам J
Памтам… тогаш на почетокот од јутубето, ќе кликнеш некое филмче, и гледаш. Чат пат на секое  петто шестто филмче ќе ти се уклучеше реклама пред да почне филмот шо сакаш да го гледаш, ама ако не те интересира рекламата после некоја секунда можеше да ја "прескокниш" и си152 поминиш на гледање на филмот.

Година дваесет и трета од век дваесет и први. Алгоритмите на youtube наострени на нај јако. Пушташ филмче за нај новиот BMW M 1000 RR … И ПОЧНУВА една реклама, за најдобри бинди кои никако не пропуштат и при нај јака менструација, втора реклама, за кредит за куќа или стан ако сакаш да купиш – градиш … прекинување нема! МОРА да ги изгледаш или истрпиш двете. Почнува филмчето. Од искуство знаиш дека првите две минути од презентацијата се лафе за "чувствата како настанал моделот", го поместуваш реглерот две три минути понапред! САМОЗАЕБУВАЊЕ! Пак реклами, за некој "ноќен крем"!!! АЈДЕЕЕ ќе почне некогаш да се гледа филмчето, и таман си се концентрирал на презентацијата ОП! Пак рекламичка, ….

И така ќе ти се одгледа тоа шо сакал да гледаш и одиш на фрижидерот да му се осветиш!!!

СИТЕ ЛАЖАТ!!! Така вика мајка Љубица. Ама јас мислам дека повеќе нејзиното не толку често кажувано СИТЕ ЗИНАЛЕ ПО ПАРИ, се повеќе се пробива. Оти лажење без есап никој веќе не одгледува. Врховната директива е да се земе пари, од кој, како, за шо , не е важно. Важно да се касира.

И така полека ми станува јасно, собери шо повеќе овци, направи ги "зависни" од тебе И ПОСЛЕ – СТРИЖИ!!!

# Чекорење во место во 100 чекори!

gordan 03.02.2023



3.2.`23,   3°C

Ете, јануарот го испратиме така, незабележително, каков и шо беше. А чудно почна. Со пролетни температури ги пречекавме првите денови од НОВАТА година. Година на која не и се радувам, ама ИЧ. Значи почна со температури кои доликуваат за пролет или па дури и за ладните летни утра. Ама тоа не беше толку позитивно колку што е негативна сета ситуација со која влегувавме во нова година. После повеќегодишното масирање со корони, ковиди, вируси, тестови, вакцини, старата ја испративме и "новата" ја дочекавме со КРИЗА!!! Енергетско-економска КРИЗА. Машинеријата која се нарекува "западна демократија и европски вредности" успеја да ни вакцинира страв наречен Путин. Бидејќи вакцините против ковидот почнаа да делуваат или пак не, потребен беше друг инструмент за контрола на лојалните и послушните широки маси во западот и европа. А бидејќи ногу други маси се стремат кон европа и демократија и они се фанаа на орото, сакале или не. Ќе помини и ова зло, некогаш. АМА "креаторите" на "западна демократија и европски вредности" сигурно чекаат со нов "кец у ракавот", лошо ќе биде кога стварно ќе почне да не боле.

Од кога сум "на привремен престој" во Швајцарската конфедерација (веќе триесет и кусур години) НИКОГАШ во семејниот буџет рачуните за струја не биле калкулирани. И со тоа, до скоро не ни ја знаев цената на струја. Живееме во една општина во која дистрибутерот на струја СО ГОДИНИ на назад се фале дека струјата која ја користиме  е 100% од хидроцентрали од регионот (20 – 30 километри од нас). Хидроцентрали кои се во експлоатација и повеќе од 100 години. И СЕГА, "поради глобалната енергетска криза", морат да ја поскапат

струјата до 30%. Рачунот за струја пак нема да биде причина за корегирање на семејниот буџет, струјата ќе поскапи 30% ама рачунот нема да поскапи толку, зарди тоа што цената на струјата не прави ни 30% од рачунот, во рачунот по големи "трошоци" се даноците, обезбедената снага и таксите… Исто и како што цената на горивото не ни ја смени "навиката" на користење на моторни возила, така и струјата ќе си ја плаќаме лојално.
Мене ова сето ме нервира што "западната демократија и европските вредности" не местат и змија да не клукне и магаре да ни го фукне, а ние лојално и пристојно го прифаќаме. БОЛЕ шо НИКОЈ не пофтенува нешто за да се запрашаме ЗОШТО поскапува нешто шо е направено од ланскиот снег? КОЈА врска има Путин и војна и пичке материне????

На гробот на Гоце не сум бил. Ни на гробот на Тоше. Ни во "Музејот на вкусовите". На гробот на тате одам, кога сум во Кавадарци. А гробот на мотите баба, дедо, татко е на ќоше. Се случило да отидам и да видам дека некој пред мене бил таму и запалил свеќа. Сум осетил дека некој "друг" оди и пале свеќа. Можеби и е човек шо јас не го сакам. АМА ете некој (и) има респект спрема моите па одава чест, на свој начин. И не гледам ништо спорно.
Спорно е кога одењето на гробот (на Гоце) се користи за манипулација на масите.
АМА ете, открија "нова" алатка за држење под кумплунг на патот кон ЕВРОПА и "западната демократија и европските вредности"… И ТАКА продолжува цврстото чекорење у место кон европа и "западната демократија и европските вредности". Пат и чекорење кои траат и траат и траат, триесет и кусур години. Пат и време во кое масите вегетираат и викаат УРА, а "водачите" и трасерите касираат, жнеат и купчат.

Незнам дали имам спомнато, ама одамна расправам и кажувам дека имам доста веома врло добар и спокоен живот. Ме нервират чат пат некои работи (ниа возачите шо дремат на семафорите и на зелено не тргнуват дури не се изгласа демократски меѓу патниците дали да се тргне, тиа нервират УГУ!!!) ама пак сум задоволен со општата ситуација околу мене. Господ ми дал прекрасна фамилија која ме трпи и кога депресијата си ја лекувам со купување на некој објектив, или камера, или куфер за моторот, или кацига, или мотор… И се до тогаш дури јас моето слободно време ќе го трошам да му го трошам времето на Пане и да ме расправа со моите хирови, се додека се радувам на новата "плетка" на моторот, се додека се радувам на безгрижните возења по патиштата на Швајцарската Конфедерација, се додека се радувам на убавите фотографии од тие возења, се до тогаш ќе ми биде "ер си бир". И за цената на струјата, и за ламбичките во Луцерн, и за цената на бензинот, и за гробот на Гоце, и за цената на смедеревката, и за патот кон ЕВРОПА и "западната демократија и европските вредности" …

АМА еден ден, еден ден ако почне да боле. Кога ќе почне да боле, не гарантирам за ништо.

# фрли и дај ново!

gordan 06.02.2023




(едно викенд-размислување)

И пак.
ЗНАЕЊЕТО Е СИЛА, ЗНАЕЊЕТО Е МОЌ!!!???
"BMW Motorrad" повикува околу 250'000 мотоцикли три модели од фамилијата R1250 поради "техничка акција" со која ќе се изврши "подобрување" и тоа ќе било со актуализирање на софтверот, и ТАКА ќе се избегнело можното кршење на осовина во мењачот!!!

Пред некоја година, при посетите на BMW сервисот поради набавка на некои делови, додека чекав да ги донесат од магацинот, можев да го слушам муабетот на продавачот со купувачот на гланц нов R1250 GS. Му ги објаснуваше дугмињата и рачките за управување со возилото и како дека првите неколку стотина километри треба по мирно да го возе. И ДЕКА НАСКОРО ќе го добијат и новиот софвер кој при првиот сервис ќе го инсталираат и дека ПОСЛЕ наместо три ќе има ДЕВЕТ!!! возни модуси!!!

Уште пред воа сето, ногу години на назад, кога синот на татко почна да оди во средно школо, имавме контакт со школството и образованието повеќе. Тогаш додека неговите другарчиња одбираа шо занает ќе учат, имаше имаше и опција да почнат да учат за мехатроничар. Мехатроничар ?!?!? Тоа ти нешто како Сони-Ериксон или целогодишна гума за кола, го бива за се помалку, ама за ништо салам.

Од мал сум имал интерес спрема рачните часовници. И уште во детските денови добив еднен "автоматски" саат на кој пишуаше *swiss made* (покасно се испостави дека таа МАРКА у Швајцарската Конфедерација НИКОЈ не ја познава…). Тиа саат неколку пати требаше да се источни. И нормално при секоја можност ќе поминев кај вујко Ќиро и дури се поздравиме и праша како сме по дома, ќе ја стави таа лупата на окото, ќе отворе саатот, ќе заврте на федерчето и ОП, спремен за понатамошно користеше.

Овие зимски месеци, ги користам за подготовки на моторките за сезоната која доаѓа. Па така мирно и без брзање се дотеруваат ситници "кои живот значат" 😁 Работи кои со години сме ги акцептирале, ама сега наеднаш ги сакаме со уште повеќе "угодност". И затоа што јас сум Титов пионер, дете кое израсна во систем "направи (поправи) сам", во време кога се немаше пари за да се купи ново, па со чекан, клешта и тел сè се поправаше, почнав да ги поправам "грешките" на инжињерите од BMW. И нормално така стигнуваш на граница на која самопрајското ќе те "кошта" НОГУ време (и нерви) па се одлучуваш да купиш веќе направеното.

Моето прашање во сервисот на BMW дали имат пинови да си купам и да си го кодирам клучот од новонабавениот куфер за моторот, беше: "донеси го куферот и тука ќе ја средиме работата. Добро.

Сабота, тмурна и врнежлива како у ноември месец. Идеално време да се посети сервисот на BMW. Одам таму без куфер ама со бравата и клучот у џебот. Ме пречекува учтиво и пријатно дете, сервисер, и прашува шо може да направи за мене. Му кажувам дека веќе контактирав со мојот "матичен" механичар и он ми кажа да дојдам за да ја види работата. Детето кажа дека е информирано за таа работа и со задоволство оно ќе ја кодира бравата ако јас му дозволам! Си викам ајде, почеток на месецот, платата стигната, ќе платиме и за работа ако треба. И така додека јас шпартам по продажниот простор на сервисот, ги гледам нај новите модели на BMW и TRIUMPH и чекам да детето ја кодира бравата на ново, ОП се појави мојот матичен механичар. Муабетот беше не за брава, клучеви или куфери, туку за една моја "забелешка" во графата на BMW Motorrad Schweiz во која требаше да напишам како сум задоволен со сервисот на мојот моторцикал во годината 2022. А управиме работата, завршиме муабетот, со понуда од страна на матичниот механичар, да на пролет кога ќе почнам да го возам моторот, поминам кај нив и ОНИ уште еднаш подетално ќе ја разгледале мојата "забелешка"… Здравје, тоа на пролет пак ќе гледаме. И така дури правеме муабет со матичниот механичар за "Светот и Господ" се појави детето со бравата и заклучокот дека мојата брава била од "стар тип и била залеена" и они неможеле да ја кодират, ама може да ми кодира нова!!! ГУТ. Кога е бал, нека биде маскенбал!
И така пристигнувам јас дома со нова брава за куферот, старта брава во џеб, и ќесенце со неколку пинови од новата брава. И преработи. Преработи нагонот кон ОТО и "направи сам". Земам чеканот! мојот штрафцигер за експерименти (еден стар и прежален) и… и сега имам две брави кодирани за куферот. Ама еден куфер.



Со години "трошев" четири до пет рачни саатеви годишно. Условено од мојата физичка работа во фирмата саатевите се уништуваа механички или имаше и такви шо не издржуваа швајсување. И така секогаш имав еден или два во резерва. Се до пред едно шест седум години. Си купив еден CASIO дигитален часовник, од "првата генерација" дигитални часовници. Го платив мислам, едно 20 – 30 франкови (на некое намалување беше). После тоа купував уште два три други кои се планирани за резерва на CASIO то, ама по се изгледа тиа во фиоката по прво ќе одкажат (ако веќе и не одкажале) со работа. АМА пред некој месец чекајќи на аеродромот, шеташ по тоа продавниците на аеродромот И ОП, интересен рачен саат. Пак проработи нагонот кон убави рачни саати. Нормално одма купен. Секако дека е нов и убав, не ќе го носам на работа, сега во зима кога на план и програма стои сервис и поправки на пола сепарација и на неколку машини. Ама за да "стои" дома нема да биде убаво, зошто после неколку години пак си купив "механички автоматски саат". Одма беше набавено и кутииче во кое саатот нема само да стои, туку одвреме навреме ќе биде движен за да не престани со работа. И така, првиот месец помина, а новиот саат желен за работа залетал, осум минути напред. Вториот месец уште по мотивиран, десет минути. Ама за тоа има лек, ќе отвориш, ќе завртиш на федерчето и чекаш, ќе видиш како работе. Та не еднаш виду кај вујко Ќиро. АМА нели гаранција, свеЦка марка, воа ноа, … одам во официјлната продавница, во Луцерн. Ме пречекува учтиво и пријатно моме, кое по сурет изгледа дека зборува најмалку седум-осум јазици, претежно за муштериите од далечниот исток. Добар ден, добар ден. Вака и вака виа саатот ми оде десет минути напред секој месец, може ли да го источните на ново? Го зеде, го стави на некој се уред, стисна седум осум пати, де со глувчето, де ЕНТЕР на компјутерот и кажа, НЕ. И ме праша дали сакам нов. Прашав дали новиот точно ќе оде или и за него после два месеци повторно ќе треба да идам кај нив за да пробат да го точнат? Ме убеди дека НОООГУ ретко нивните саати не оделе точно и дека ГОООлема можноста да новиот саат оди точно. ГУТ, дајте ми нов саат. И пак, ентер, ментер, отвори воа шкафче, отвори ноа шкафче, за да после десет-петнаесет минути ми соопшти дека нема нов саат, таков. Ми понуди да си одберам друг саат од нивниот сортимент, и дека за цената ќе се израчуна убаво. Гледав, ама ништо не ме привлечи. И така после некое време одлучивме да мојот саат се прати во сервисниот центар и они таму го источнат. НОРМАЛНО тоа ќе оди неколку денови, ама за тоа добив корисничко име и лозинка со кои во СЕКОЈ момент ќе можам да видиам до каде е стигнато со мојот налог/поправка!



И така си возам со мојата кола, која уште е со мотор на внатрешно согорување, слушам (уште) аналогно радио и се мислам по "старо". Како ќе продолжи Светот кога ќе остане на оваа генерација, генерација наречена "Z", генерација која треба да се наречи поточно "ентер". Шо ќе правиме кога во Светот ќе завладее "Знаењето е сила, знаењето е моќ"? Баш ме интересира КОЈ ќе ги вградува ивишњаците ако сите, така "моќни", седат на топло у канцелариите или дури и дома и стискат ентер. Каде оде Светот кој кука за штедење на ресурси и заштита на човековата околина, а не е способен да поправи и нај едноставна работа, туку без никакви напори и како наједноставно решение го има "фрли и дај ново".

# Формат – компот!

gordan 13.02.2023



9 x 13 = ???
Со години имам "проблем"! Проблем со форматот, не со равенката. 9 x 13, со години ни беше СТАНДАРДЕН формат за фотрографија. Ќе се сликаш со одделението, ќе добииш 9 x 13. Одиш на екскурзија, фотографиите 9 x 13. Сликаш по дома, на одмори, секако дека заокружуваш да фотографиите бидат 9 x 13. И така се додека не осетиме дека 10 x 15 е малку подобро, а 13 x 18 па ептен убаво нешто. Добро малку и по скапо.
Имаше на времето, кога се сликаме, да некој не сака да си нарача ни 9 x 13, оти беа скапи и "само слико", а за слико толку пари да дадиш… Е сега тие личности немат успомени од тоа, минато, време. Во денешно време сите се сликаме ама форматот е .jpg, .png, .tiff или слично. СИТЕ имаме доволно фотографии, ама после неколку години … ? кој знае. Тие сите фотографии што лежат на интелегентните телефони, хард-дисковите и други електронски медиуми, ќе ги снемува со снемувањето на уредите…

40 x 60. Овој формат ми постана "најубав" од кога почнав да ги изложувам моите фотографии по галериите и изложбите (ама и тоа е минато време). Мојот нај голем пријател Дарко уште после првата изложба ми кажа: "Шо по голем принтот на фотографијата, толку повеќе доаѓа до израз". Па така по убавите фотографиите беа изработувани и до 60 x 90. А коштат нешто, таквите фотографии во нај основна изведба (само постер принт) кошта измеѓу 30 и 50 сакаш франкови кажи, сакаш евра. За една пристојна изложба ти требат најмалку 20 фотографии по добро е околу 40. Плус некој рам или држач, плус некоја "ситница", плус каталогче, реклама … и така изложбите за мене постанаа не интересни.

Некоја година, мината одамна ногу, во некој музеј во Швајцарската конфедерација. Шетаме и ги разгледуваме изложените експонати. Во една просторија, изложени документи и скици ногу, и на број и на старост, плус стари фотографии, во разни формати ☺ , и бројни монитори исто во разни големини на кои одат филмови, презентации и слики од експонати кои поради специјалниот третман не се изложени "во живо" (оригинал).

ШТРАААК!!! Тогаш ми дојди идеја/желба да мојата изложба на фотографии следниот пат биде во тој стил "МУЛТИМЕДИЈАЛНА" !!!!
Поминаа, направив уште неколку изложби "класични" и последната која беше планирана да биде мултимедијална, помина класично. Од планираните пет монитори, се обезбеди еден. И тоа беше само телевизор, кој разбираше само филм.

По патиштата на Швајцарската конфедерација, секоја година поминувам по некој километар. Во последните години "пробувам" некои од возењата да ги забележам со видео запис!!! Некогаш е добро, некогаш нихт функционирен. Зависно од расположението на мојата сакана и мразена камера *GoPro*.

И така некогаш "направив концепт" за мојата следна изложба, мултимедијална ☺
На едниот монитор оди филм од дневните активности (возењето, паузите, посетите на ресторантите…) на друг оди паралелно фотографии од местата

каде моментално поминувам со моторот, на трет фотографии од таа област направени во други прилики, на четвртиот и петиот фотографии од "слободни теми" и на неколку места фотографии "растегнати" на платно, спремни за продажба ☺

Е СЕГА. Со години не успеав на направам "целодневен" филм. Па за тоа се јавува, интерес, идеја да филмот не е еден, туку од повеќе филмови се направи некоја целина. И така времето оде, хард-дисковите се полнат, а "изложбата" никако да се почне да се подготвува.

АМА, во лето Господово 2022 ро, беше сум успеал да направам материјал за четири саати видео/филм. И не е лошо, ама и не ме задоволува доволно. Мислам дека може по убаво да се направе. И за тоа ќе треба друго лето , или есен?

Во секој случај, сега направив барем еден чекор напред. Сега знам (имам) неколку работи кои треба да се направат по добро за да го добијам вистинскиот правец…

А до тогаш, ќе можеме да подгледнуваме на досегашните "краткометражни филмови" или на едниот (прва проба) целодневен запис. ( п.с. филмот е маркиран па човек може да го гледа во епизоди, маркиците во описот на видеото…)

А ДА!
КОЈ ФОРМАТ ЌЕ БИДЕ???
Незнам, оти форматите, денешни ниту мајка, ниту маќеа имат.
9 x 13, 10 x 15, 40 x 60, A2, 2:3, 3:4, 5:4, 9:16, 4к, 8к ….
Кога ќе дојде време, ќе ги мааниме заревите и "шо ќе му дојде"!

# Пара на рака, Мара за рака!

gordan 15.02.2023




Си седам и си мислам, шо правеме ние шо нашите родители не правеле и за тоа ни зборувале дека Светот оде у неповрат? Ровам по воа спомените и меморијата која полека се полни со нови информации па старите изоледуваат и си мислам дали тоа одењето по кафиќи, дискотеки, серенадите не се и они оделе по серенади, слушањето на странЦка музика, ефтините холивудски филмови, фармерките од Трст, шо ли не правеше да нашите родители гледат во нас не способни личности???

И мислам дека пораснаме, созреаме, и колку толку успеаме да дојдиме на тоа дереџе, сега ние да мислиме дека младите немат врска од животот и дека Светот го водат во пропас.

Или сето тоа ти е нај нормална еволуција која треба да ја прифатиме. Ама тешко ми оде тоа, прифаќањето на новото "нормално". Во последно време се повеќе имам проблем со некои "промени" кои без наша согласност полека се впиваат во порите на секојдневието. Се почести се ситуациите во кој не важи чесниот збор и поштениот договор. Мара умре. Мара од "Пара на рака, Мара за рака!" умре. Сите "трговци" сега сакат прво да видат пари па после за робата ќе правиме муабет. А мене ме нервира тоа. Ме нервира тоа оти деца од генерацијата ЕНТЕР ме убедуват дека то е НОРМАЛНО!!!

Одам у наједноставна пивара, земам еден картон пиво и одам на касата да платам. 13,50 – вика продавачот. Вадам од новчаникот двајска и му ја давам. Не ли сакате да платите со карта – прашува продавачот?   ЈАС – ?!?!?!? НЕ.

Успеа да ја отворе касата и да ми врате кусур…. Па да. Ако платам со карта ОН ќе не мора да зема и брои пари. ДА броењето пари и враќање кусур за денешните продавачи е стрес.

Мојот нај сакан мото-сервис, со години набавувам делови и делчиња за моите моторцикли. Од времето кога деловите сам си ги земав од магацинот, па период кога мајсторот само шо ќе му кажев кој сум и кој мотор не ми работе убаво па он ќе ми каже и шо му е на моторот и шо треба да сменам и ќе го спреме да си го земам, преку телефонски нарачки од Македонија, дојде степен да ЈАС на "продавачот на резервни делови" му спремам листа на делови со број на делот за ОН да нарача делови АМА ако јас платам унапред! Епа браќа (и сестри) јас стварно сакав да се "дружиме" и бев спремен да платам повеќе за вашата услуга, ама кога веќе "системот на работа и одозгора така кажаа" ги менуват правилата на играта, тогаш јас ќе се фанам на другото оро, за мене по ефтино.

Знам тоа шо било не се враќа, сите ни ци легниме на брашното. Ама моментално сум толку револтиран шо НИКОЈ не прави напори да остане барем малку човечност меѓу нас, а не да не контролира ентерот и логоритмот "кај се парите".

# Паркинг гратис

gordan 27.02.2023



Паркинг гратис – паркинг 14.- фр.
влез 15.- фр. – влез 26.- фр.
каталози гратис – каталози на интернет
проспекти за секој модел – информации преку QR-code
рекламен материјал, 2-4 торбички – рекламен материјал ø
сервола, братвуршт, пиво, вода – "foodtruck street" (една хала со штандови за храна од цел Свет!!!)

Тешко ми оде мене преминот на ова општество од "аналогно" во "дигитално". Не можам да го сварам виа светот на еденици и нули, поготово на "големите нули". Си го сакав и уште мечтаам за времето кога ќе го отвориш проспектот за YAMAHA RD 500 YPVS, и ќе прочиташ, 4 цилиндри, ве (V) мотор, 499 кубика, 90 коња, 9500 обртаи, 4 Mikuni карбуратори, 180 кила, напред 16ка, назад 18ка гума.... времето кога купуваме мотори кои имаа карактер скреин зад кубиците, коњажата и килажата. Денеска се продава скроз поинаку, значи прво нема проспект, туку ако сакаш повеќе информации за дотичниот модел, треба да го најдеш на ЊЊЊ или како вчера на некоја изложба, го скенираш QR-code кој пак ќе те "однеси" на ЊЊЊ и ќе може да ја проследиш "презентацијата" која најчесто "продава" емоции, лааЈф стааЈл, слобода и шо ти знам шо....

А саемовите/изложбите на моторцикли од секогаш биле многу посетувани. Уште од времето на 2-Rad-Schweiz, некаде средината на деведесетите години од минатиот век, кога секоја втора година воземе и до Женева да го посетиме (оти секоја втора година менуваше место на одржување помеѓу Цирих и Женева), па до вчера во Берн со најновото име "Мотофестивал", семот за моторцикли бил посетуван од публика помеѓу осум месеци и 88 години… ☺ Како што е различна возраста, така различна е и "сликата" на посетителот, од закоравени моторџии кои смрдат на никотионот од лани, до дами кои шетаат со "Луј Витон" и мирисаат на скапоцени парфеми. Од апсолутни експерти, до безконечни "нули". Секој од нас на саемот ќе открие НЕШТО шо го интересира.

Сѐ течи, сѐ се менува. Беше рекол некој филозов, или боем, или пијаница ?!?!? Важно ептен тачно е тоа. Промените не се запирливи. Е сега јас шо моментално имам НОООГУ проблеми со "општата ситуација", тоа е проблем, мој. Вака кога ќе замислам за минатото време секогаш се сеќавам на убавите моменти. И за тоа викаме порано се беше по убаво. Ама ако се размислам јас (или секој од нас) и поразбуричкам по "темните ќошиња" и во по задните делови од сталажата у "подрумот" ќе видам дека и у '98та не било се китка за мирисање. Се сеќавам на времиња кога на саемовите одев за да си купам кацига, не дека таму има по убави или по нови, тиа беа секогаш не достижни, ами заради тоа шо во тоа време на немање интернет-шоп само на тиа такви изложби, саемови можеше да се најде нешто убаво а намалено 20 – 30%, таман колку шо беше буџетот за таа година. Сега одам на саем и гледам, може да си купам барем еден мотор од тиа шо ме бендисуват… И после за "рачка" це фанам, не купувам мотор оти нема проспект, туку треба да гледам у интернет… ПАПАЛАПАП!

Ногу сакав да отидам на штандот на IXS и си направам муабет со одговорните за продажба и ги прашам зошто не ги учат нивните продавачи да бидат искрени. Зошто кога купуваш палто кое кошта повеќе од пет франкови, не се

осмелуват и да ти кажат: “слушај бе Ѓока, воа палто не е за тебе. Тебе ти треба палто во “кратка“ големина!“. Ама дигиталното општество, општеството на единици и НУЛИ, е наострено да се продава, угу и по секоја цена. Да се продаде тоа шо е тука, после ако имаш проблеми може да се јавеш на “хотлААЈнот!“. Ама па ако “имаш среќа“, ќе добиеш сервисно бројче, корисничко име и лозинка со кои ВО СЕКОЈ МОМЕНТ ќе го пратиш статусот на твојота нарачка/налог.

Сакав да му отидам, ама не можев. Они, IXS, не беа на Мотофестивалот. Немаше и штандови со алати за сервиси/работилници за мотори. Немаше штандови за додатна опрема/делови за мотори. Сичко това е префрлено на ЊЊЊ ☹

И така, денес, понеделник 27 февруари, лето Господово 2023 то, си седам на топло, ги пишувам овие редови, се кријам од најладниот ветер оваа година и чекам. Чекам конечно да поминат виа месеците со “Р“ и како секој нормален моторциклист земам моторката и почнам да шпартам по патиштата на Швајцарската Конфедерација и ближните ни држави и конечно дојде време кога ќе може да се “полнат батериите“, оти воа вака не е веќе за издржување.











# чименто и водоводната цевка

gordan 01.03.2023




Отвараш славината за безин, даваш контакт, саухот на двојка и стискаш СТАРТ. Стариот боксер, двоцилиндраш, изладен на зимски четири степени завртува и од ауспусите слушаш "музика". Преде "ѓоа Сингерица"!!! ЗОШТО БЕ ?!?!? ЗОШТО???

Мислите летнаа!
Летнаа некаде почетокот на осумдесетите години од минатиот век. На трафиките (зошто се вика трафика ???) у тоа време покрај останатото можеше да се купи "Политикин забавник", "ИТД" и т.н. У тиа списанија можеше да се прочита за, ниа, напумпаниот, Арнолд, Арнолд Шварценегер. МИСТЕР на УНИВЕРЗУМОТ. У тоа време немаше фитнес центри, теретани или слично. Сите шо сакаа да бидат како Нолди, мораа сами да најдат кутии од уље, за почеток, или од сирење, за по спремните,  и сами да си замешат чименто и да ја забодат водоводната цевка – И ОП, тегови. Се сеќавам на труица кои по озбилно се занимава со поместување на тегови од ИНА конзерви. Нај добар, или нај познат беше Тони Зис. И да не беше у Кавадарци туку у некое по големо село, дечкото можеби ќе го стигнеше и Шварценегер. Симо комшијата, тренираше ама само да личе убаво, и убаво личеше. Не се напумпа ногу. И едно Злате, мислам така се викаше. Детто можеби и нај личен бодибилдер ќе беше да имаше каде да се покаже…

Ние другарите не правеме тегови, имаше подинечни покушаи да од кантите за уље со помош на "комбинатски лепак" се направат еден вид на "бубњеви" како на чи Ринго Стар ама тоа е друга прикаска … ☺

Ама шо ми беше зборот, за телесната спремност се занимаваме со туркање. Туркаме од ТОМОСИ, туркаме ЧЕЗЕТКИ, туркаме ФИЌИЊА, туркаме СТОКЕЦОВИ. А парадни дисциплини ни беа туркање на ЈАВА и туркање на ШКОДА! Тука ќе беме свеЦки прваци. Јас мислам да имало некој од ниа менаџерите на боб тимовите да не видел, КРАЈ. Олимпииски прваци у боб! Ќе не мораше ни да се качуваме у тоа санката, на туркање до целта, И ПРВИ!!! Таа ЈАВАТА на Каровецот, мислам ако некој броел колку а туркаме, ќе беше доволно да се заврте Земјината топка еднаш (нај малку!) по екваторот. А ШКОДАТА а извежбаме, па не а туркаме само на надолнинки, и нагоре. После незнам колку илјади туркања, и милиони километри, се најди некој која ја откри МИСТЕРИЈАТА НА СВЕТОТ, т.е. болеста на ЈАВАТА.
Радилицата!
Радилицата била таа која била лабава па на секое ново туркање имавме "задоволство" да ја туркаме со друго подесување на палењето. Е сега, не можам да речам дека само а туркаме. Неколку пати ни успеа и да ја запалиме. И ТОГАШ, како ниа на боб санките, кој се качи качи, ќе искористеше едно возење.

Така сега и моето сакано и милувано БМВ. Неколку пати ме зафркава. Еднаш работе како "Сингерица", некој пат работе како нешто помеѓу ФАП 13ка и машина за сечење дрва…. Проблемот е шо баш вие денови пак залади, и пак фрлат сол по патиштата и не сакам да го изнесам од гаражата и да го "издувам"! Ќе се извршат уште неколку "суви тренинзи" и здравје еден убав пролетен ден ќе го издуваме ѓоа ваквоа…

# Компресија

gordan 12.03.2023



Си седам и се мислам….
Мислам и утврдив дека моментално не сум "член" ни на едно друштво, здружение, организација или такво нешто. Последно членство беше во "Фотоклуб Швиц", пред тоа во "Јужнословенскиот Културен Форум, во Цирих", а ногу години по "МакедонЦките" организации во Швајцаријата. Со последните се разделив бидејќи најголемиот дел од членовите во друштвата и организациите не сакаа да разберат ЗОШТО се создава и кои активности треба да ги имат друштвата/здруженијата кои ги формираш повикувајќи се на националните основи. Второто, "Јужнословенскиот Културен Форум, во Цирих", беше нај прекрасното здужение во кое досега сум членувал. Активности кои во 100% се поклопуваа со статусот и планот за работа на здружението, милина да одиш да се дружиш и секоја работа беше задоволство. За жал "геополитичката и економската" ситуација го замре дружењето…. Фотоклубот Швиц. Членував скоро три години. Ама нашите патишта се разделија поради различните погледи кон дружењето. Фотографијата како визуелна дисциплина, јас ја доживувам како можност за презентирање на безбројни ситуации преку безбројни фотографии (барем денес во дигиталната ера кога фотографиите не мора да се графираат на хартија). АМА мене не ми е јасна филозофијата на "осветлување" на некој мотив, за после да исчезне во темнините на тајните папки!?!?!?

Исто сум "член" на фацебук и на инШтаграм. И тука сум "на сила" со години. Секое вклучување во социјалните мрежи кај мене предизвикува нервоза. Фацебукот колку толку уште "ги чува" фотографиите кои средено ќе ги презентираш кај нив, па уште ми дава мотивација да оставам по некоја фотографија за целиот свет. Може ќе ја видат и само четворица, ама ако се вистинските четворица 100% сум среќен. На фацебукот има и групи, и таму следам неколку "групи". Има како и во МакедонЦките друштва, убави работи да разбериш, ама има и тртеи кои никако да ја разберат целта на конкретните здружувања.

Иначе моите интереси фотографијата и моторциклизмот малку патат во зима. Моторите не ги возам, а за фотографијата имам малку прилики, дури сум завршил со работа, оно се стемнило. И така активностите околу моите хобија во зима се сведуваат на подготвоки, прередување, спремања и се шо може да се направи под суво и во топло.
Пред некоја недела во склоп на зимските активности, отидов да го "запалам" моторот за да поработи малку, да загрее, да се размрда, да се "освежи" акумулаторот. Запали ногу тешко и работеше ИЧ не убаво, не својствено за еден BMW boxer. И ајде! Напад со расположивиот арсенал. Расштрафување на карбуратори, набавки на дихтунзи, чистење, подесување СЕ како шо пишува во светите книги на BMW.

Во тиа денови додека се чешаке на испорака на материјал и додека бев на работа, си викам де да "прошетам" по форумите на интернетот, преди ногу години убави информации се цицаа од конкретни форуми за конкретни работи. И така си викам ајде за контрола на стореното и мислења од други патилци да напишам две прашања околу подесувањето на моторот. Ама не прашувам тоа шо го пишува во секој сервисен прирачник и кое може да го прочиташ на 4795 страни  (најмалце), туку ќе прашам за искуствата на човеците кои еднаш или

повеќе го работеле тоа, подесување на веќе стари мотори.
И така поФторно дојдов во контакт со ‟членови‟ на форумот кои во своето секојдневие се осамени и фрустрирани, па читав одговори со кој сигурно може да се положат неколку испити на машински факултет. Ама конкретно, за моите прашања не добив никаков одговор, до сега.

И така си седам и се мислам, колку човеците сме забегани и изгубени помеѓу овоземскиот свет и дигиталниот. Напорно е да се прилагодуваш спрема масата на фрустрирани и не доизживеани индивидуи.

За денес беше планирано последното подесување и пробно возење на БеМеВе то, ама Св. Петар имал други планеви, па ни пушти малку снег. Ќе остане да се почека до утре и да се виде дали ќе биде по пријателски по патиштата на Швајцарската Конфедерација или ќе завршиме со пробно возење во гаражата…

# судбина, карма, …

gordan 17.03.2023




Швајцарската Конфедерација има многу особини кои за останатиот свет се интересни. Покрај тоа што има 26 кантони, во кои се зборуваат четири официјални јазици, англискиот е нај употребуван ‟втор‟ јазик. Да, и покрај тоа што во училиштата учат најмалку по еден од другите официјални јазици, НИКОГАШ не сакат да го зборуват јазикот на другата група, па кога ќе се сретнат швајцарец од германското говорно подрачие и швајцарец од

француското говорно подрачие за меѓусебна комуникација и разбирање зборуваат англијски.

Друга интересна работа е шо автомобилите и моторните возила имаат броеви од кантонот во кој се регистрирани.  Значи има 26 ознаки на табличките и секогаш почнуват од 1 па до шестоцифрени броеви во некои кантони (моментално). Исто така бројчето на колата не е "врзана" со возилото туку со сопственикот. Значи си купуваш кола/мотор/камион и одиш во заводот за сообраќај и добиваш таблички со бројка. После продаваш, менуваш возило табличката од старото возило ја ставаш на новото и ВОЗИ.

И така, буквите на табличката, како и големината на бројот на табличките даваат многу плодна почва за предрасуди. Со годините се втемелило мислење дека возачите од тиа и тиа кантон се глупи, од другиот кантон се не способни, од третиот само за SUBARU знаат и така… А секогаш, големината на бројот предизвикува респект или понижување. Шо по мала бројка, едно цифрена, или двоцифрена, покажува дека сопственикот е стар возач или од фамилија која од века имале кола.

Нормално покрај бројката и возилото го одава твојот статус. Па така комбинацијата на бројка и возило е многу влијае на однесувањето на другите учесници во сообраќајот спрема тебе. Тоа го имам осетено на своја кожа. Секојдневно одам на работа по истиот пат, во исто време , стотици пати во годината. Тоа го прават и стотици други, по истиот пат во исто време одат на работа. Јас тој пат го возам веќе скоро 30 години (со букви, триесет години – по точно, дваесет и седум). Знам кога треба да тргнам од дома за да имам време да си го земам весникот од железничката во Валхвил, и да си купам кифлички во Обервил и пак да стигнам навремено во фирмата за да можам првото кафе на мир да си го испиам. Никогаш не возам брзо. Добро де, по некогаш каа сум со моторката и ќе ме "зачеша" десната рака ќе а навијам таа рачката за да се поистругат тоа гумите и на страната, ама тоа еднаш два пати у годината и без никаква потреба, освен за задоволување на чувствата. Значи, секое утро од навика возам по патот и имам забележано, кога возам со мојата (спортска не оти е ногу снажна, ами оти е ниска за влевање излевање ☺ ) има сожители кои имаат визија дека ако се залепат на 0.46 метри зад задниот браник на гореспоменатото возило оно ќе оди по брзо или ќе исчезни?!?!? од патот. Тикви, хроничното "туркање" предизвикува уклучување на сигурносните системи кои заради сигурност процентуално ја намалуваат брзината на движење. Шо по "залепен" тиа од зади, толку по споро се движи спортската OPEL CORSA 1.4. ДА, тоа OPEL CORSA 1.4 со убав петоцифрена табличка која укажува дека е регистрирана преднекоја година.

Интересно е кога го управувам "теренското" возило од германско производство на кое стои табличка со бројка која укажува дека се движела повеќе од триесет години по патиштата, НИКОГАШ НИКАДЕ НИКОЈ не се "лепе" зад браникот на возилото ?!?!? и ако како секогаш се движам со иста брзина како и со спортската.

Утрово имав задоволство и можност, да го возам автомобилот на Буба. Убаво малечко јапонче измислено за градска вожња, прекрасно нешто за возење. Да и оно е толку 1.4 или дури 1.2,  а плус и автоматик. Значи се движи нежно и без никакви стресови. Си го земав весникот од железничката во Валхвил и го исправив патот нака Цуг.Само шо се уклучив на главниот пат и исправи кривината приметив дека НЕКОЈ се залепил зад мене на 36 сантима, фаровите не му се гледаа! ОДМА се уклучи "сигурносниот систем" и ако во селото е ограничено на 50 км/ч, на крајот од селот 60, после 80, па повторно 60 кај една мала населба па повторно 80 за да влезиме во Обервил со 60 и покасно да доприме до 30 во Цуг. Значи "сигурносниот систем" се уклучи и малечката јапонска количка со голема бројка од Швиц почна да се движи во 50-ката 45, во 60-ката 57, во 80-ката 73 во повторната 60-ка 56 за да во 80-ката полека забрзува до 70. Е тука управувачот на возилото на кое на задниот дел од возилото имаше ѕвезда, даде лев жмигавец помина на левата страна и со убав спортски звук од цевките под ѕвездата, ме помина ѓоа ваквоа! И сето тоа беше крунисано со еден краток ама снажен зрак ама не од ѕвездата, туку од блиц во црвена боја.

АЈ со среќа денот.

# ДА ЖИВЕЕ 8 МИ МАРТ!!!!

gordan 17.03.2023



(жива да не сум! воа напишано преди една недела и не објавено !?!?!?)

9 март 2023
07:23 пристигнувам на работното место
07:26 си правам кафе
07:29 првиот муштерија на вагата
07:29 вториот муштерија до вагата
07:30 третиот муштерија влегува на плацот
07:39 сите услужени и испратени
Кафето истинато. Стискаш дугмето и машината праве пресно и топло кафе. ИЧ не ги сакам ваквите почетоци на "работен ден". Од искуство и традиција, ваквите денови биднуват досадни. Кога рано рано ќе те нападнат после цел ден човек не стапнува на плацот веќе. (08:48, до сега нема дојдено друг човек/муштерија) АМА и така цела недела или скоро повеќе недели сето е некако е никако. Некој период на грип и настинки веќе три недели не држи "лабаво" во преграттки, ниту да не фане салам, ниту да не пушти скроз, па условено од здраствено психичката состојба поминаа без значајни денови. И еве сега ќе се радуваме, надеваме дека идат по убави времиња, за сите, не само за едните.

Рамноправноста е чудна работа. Сите лафат и се борат за рамноправност, а баш различностите и разноврсноста го прават животот убав и интересен. Слушам уште сабајле на радиото, вчера, по повод "Интернационалниот ден на жената" имало демонстрации во Луцерн и Базел. И си мислам, види да аа, виа тука уште се борат за рамноправност, а каде нас во Македониајта веќе одамна слават за рамноправноста. ИЛИ како е тоа? Јас барем така го разбирам, чим одиш за 8ми март у кафенето, јадиш, пииш и славиш тоа значи дека си задоволен од состојбата, ИЛИ?

Еве јас и денеска, поточно сабајле во утринските часови, се осеќав обесправен! Јас како "моторизиран" учесник во сообраќајот се осеќам обесправен. Значи како управувач на моторно возило, ако сакам да земам учество во сообраќајот треба да имам техничко исправно возило, светла, свирки, гуми, кочници, воа ноа, плус платени давачки спрема државата и осугурителните компании, плус јас да поседувам важечка возачка дозвола, да бидам во состојба да го управувам возилото, трезен, здрав, жив, наспан… А ГОСПОДАТА пешаци кои исто така го газат патот за кој јас имам платено патарина а они не, смеат да одат по патиштата, без ни малку желба да бидат забележани, читај, и во зимските темни и мокри часови одат како да се од вероисповеста на нинџите, во секоја ментална и здраствена состојба, и при тоа ЈАС како моторизиран учесник во сообраќајот ја превземам одговорноста ако они не се во состојба да ги прифанат законите на универзумот и физиката. Законите на универзумот и природата викат дека човекот у темно темни работи може да гледа толку и толку, и не повеќе. И ако сакаш некој у темното да те забележи, тогаш облечи нешто светло и рефлектирачки, а не темно и маскирно. А физиката вика дека тело ке се движи може да се забави и запри после некое време и простор, НЕ дека автомобилот МОРА да застане пред пешачки премин!!!! Имал пешакот право или не. На тело во движење му треба исто толку место да застане од иста брзина независно од тоа дали кочи на пат со или без пешачки премин!!!

Во секој случај со пригодна чајанка, т.е. пиванка и подршка кон нашите жени го одбележивме "Интернационалниот ден на жената". И бидејќи во Швајцарската Конфедерација женските организации не ги окупираат ресторантите и кафаните до скроз, си најдоме место во матичната кафана у селто. И слики има, ама ме сТрам да покажам слико од прослава со "празна" маса…

Од годините имаше организирани прослави за "8 ми Март" кои Македонските друштва, здруженија, организации ги организираа по ПОВОД денот на жената со тоа шо беа поканувани ПЕАЧКИ од Македонија за да пеат пред МАШКАТА (опиена) публика и сето тоа за почит кон рамноправноста на жената! Одамна веќе не одиме. Затоа што дали забавата ќе биде по повод 8ми март, 24ти мај, Св. Богородица или Нова година, ИСТО е. Вкусот на ќебабите има да го ижригаш три дена.

# Прекоманда!!!

gordan 24.03.2023




У ниа ефтините холивудски филмови, на некој у моментот пред да умре му се вртат сликите од цел живот. Е сега јас ги вртам сликите од последните триесет години не у момент, туку со саати, цел ден и добар дел од ноќта, веќе повеќе од 66 саати.

Интересно е кога човек поради некоја случка, ситуација, ќе почне да буричка по минатото. Ќе почнат да му идат и филозовски и идиотски мисли, ќе почне да праве рачуни шо, како, зошто… Ама после секој налет на мисли, одпоново ќе утврди дека сето тоа е тоа: ЖИВОТ.

Јас веќе неколку години при запознавање со нови личноси, кога ќе ме прашат од каде си? одговарам дека јас идам од друго време. Роден и израснат во СОЦИЈАЛИСТИЧКА Федеративна Република Југославија, достасав во Швајцарската Конфедерација како пресна работна сила и се вработив во капиталистичка фирма, сопственост на еден човек. Социјалните услови и ако капиталистичка фирма беа по добри од во било која фабрика во Југославијата, а со времето и тука достигнав до "самоуправување". Во годините кои минуваа, неколку пати имав потреба да пробам да се префрлам скроз на мојот занает, ама по кратки пробувања во други фирми, секогаш доаѓав до заклучок дека

вредноста на стекнатото “самоуправување“ не ја покрива евентуалната повисока финансиска мотивација.

И така живееш, работиш, уживаш во животот кој со годините си го довел на саканото комфортно ниво. И целиот Свет околу тебе е во нај добар ред (со исключок на ниа идиотите кои не се способни да тргнат на семафорот кога е зелено светло) и се радуваш на секој ден одново.

И тогаш настапува, неговото величество ЖИВОТОТ. ШТРАААК, пресек. Ти дава на знаење дека тоа до сега не значи ништо и дека треба да фаниш друг пат. А ти не спремен. Со години си верувал дека патот одамна е трасиран. Нормално одма ти се вртат слики, а човечки е да ти се вртат тмурни слики, затоа што си убеден дека тоа до сега било најубавото. Вртиш сликите од минатото, ти се враќаат убавите спомени. Гледаш во иднината, ама та не си баба Ванѓа да знаиш шо те чека, и гледаш неизвесност. Неизвесноста предизвикува несигурност, а несигурноста предизвикува распаѓање на комфорт зоната….

И бараш сила и моќ да може да мислиш дека и иднината ќе биде ако не по добра барем слично комфортна. Се бориш самиот со себе да победат позитивните мисли.

И ЌЕ ПОБЕДИМЕ!!! Та не сме “фрлале со камења по Господ“. Да точно сето тоа е низвесно, ама оно во стварност секогаш, цело време, било така. Само шо ние тоа не го осеќаме се додека течи и се движи по правец за нас нормален.

# Ирфан

gordan 28.03.2023




Во склопот на последните активности во SENN Kieswerk AG, Neuheim, ZG, условено од убавото, сончево, време денеска пробувам неколку пати да направам една пристојна “панорама“.
Првата проба со мојот сакан и ценет «photoshop» изштрика на 7оо и кусур мегабајти (некои си 250 мегапиксел) слико направи во формат шо демек само фотошопот го разбира. Со помош на снажната алатка «IrfanView» а компримира

на 4% од големината и со пристојни 25 мегабајти може да се види на горниот линк. ⇒⇒⇒

Пристигнат дома на неколку други програми пробував да направам подобар пресек, ама…
пак фотошоп и малку друга маѓија и ОП 120 мегабајти! ⇒⇒⇒

# Велигден, после велики вторник!

gordan 16.04.2023




Христос воскресна!
Честит празник да кажам, оти "НЕ Е СЕКОЈ ДЕН ВЕЛИГДЕН"!!!
Поминаа денови и недели а јас никако да дојдам до време и мерак да напишам некој збор за тука. Пред некоја недела се случи тоа што се случи, како гром од ведро небо ми беше "доделено" ново работно место. Светот ми се заврти не за 180, ама за едно 347 степени.
И така минативе денови недели, ми се извртија многу мисли ноз главата да без

проблем можев да напишам еден роман, неколку драми и две-трипеснички (шо за свадба шо за вени сечење).
Исто така во тие денови олабавив со активностите околу социјалните мрежи. Помалку фотографии, уште помалку време да листам по нив. И се осеќа. Човеците веќе те заборавиле. Оно никокагаш, од моето појавување на социјалните мрежи (преди 10 – 12 години) не ми било важно да некој ме пофали или стави лајк на фотографијата или постот (кој во последно време и да ги немам), ама некако како индикатор дека некој ‶завртил‶ и кај тебе е интересна работа.
Фотографиите како фотографии, ги ‶постирам‶ на мојата интернет страница www.foto-gogo.ch, пишаните мисли овде, на оваа страница. И така ќе биде и во иднина, затоа што сум убеден дека некој ако сака да види или ‶слушне‶ од мене овака е подобро послужен.
Можеби за некој ден или недела, ќе се навикнам на новото работно месте, ќе ги фанам новите процеси и ритуали, и повторно ќе има време за да се напиши некој збор или да се одбере некоја фотографија за време на работното време ИЛИ пак ќе се чека овака, некој дождлив празник да се седне пред компјутерот и да штракам по воа тастатурата…

# GoPro hero 9 Black disaster

gordan 23.04.2023A




И пак!
Пак чекам.
Чекам да помине време, чекам да помине месец април, чекам да помине одморот во мај. Чекам да дојде 15 мај. Чекам да дојде 31 мај.
Чуден е човечкиот живот, ‶живот – компот‶!
Некаде на крајот од март животот ми се размрда ѓоа вакво. Од секојдневието кое си одеше по традиционални, со години навикнати, процедури наеднаш морав да се откажам од некои работи за кои со годините ниту малку сум ги

ценел и обраќал внимание на нив. И ОП, гледаш колку тие мали ситни нешта животот ти го правеле комфортен. И ОП, наеднаш треба да се испадне од "комфорт зоната".

И така со недели никако да се посветам на убавите нешта од животот, чекам.

Ама секогаш има НОВ почеток, или втор. Ете и јас по вторпат во мојот живот имав прилика да ОФИЦИЈАЛНО работам во сабота!!! И ја искористив. За тоа што на новото работно место за изработен пола ден (сабота) даваат компезација цел ден одмор. И од пола ден не си толку изморен колку од цел ден па остана уште пола ден да се извозе моторот, и ако пола ден ама за на "почеток од сезоната" и доволно е. Се нема ни кондиција ни концентрација. Нормално, возењето го почнав со цел да до вечер повторно дојдам на местото од каде тргнав, дома. А каде и како, тоа се одлучува на секоја раскрсница или кружен тек. Уште не озбилно тргнат, немаше ни еден километар поминато, ОП, првата среќа.
Јас од многу одамна, а последните неколку години угу, повеќе сакам да си возам туристички, за релаксирање. Спртското навивање на гаста и стискање на кочниците дури не почне нешто да чади го откажав уште преди 20 години  и кусур кога за последен пат на SUZUKI GSX-R 750 извозив неколку кругови на Гробник и после со сопствени сили МОЖЕВ да влезам во автомобилот. На сите хоби тркачи шо ги стругат ногарките по кривините и ја навиват гаста ѓоа ваквоа би им препорачал да еднаш отидат на поста, вистинска, и си ги измерат силите.

Моето пасивно, повеќе мислам на смирено, возење без желба да престигнам некого или да поминам во последната секунда на зелено, со годините убаво ме служело. Каде можам, на нај големиот дел од патиштата возам по линијата каде одат левата страна од десните тркала ☺ Исклучок е коа пред мене вози автомобил тогаш сум на десната страна од левите тркала. И исклучок е кога ќе се забајдам, тогаш е "шо ќе му дојде" и со Господ напред.

Вчера така сум се забајдил, поточно се застискав по тоа дугмињата на навигацијата, АМА ЗА СРЕЌА сум останал примерно на десната страна. Дури од кога се разминувавме приметив дека еден "колега", со ниа фраерските мотори, со сета спокојност и арогантност пристигнува група на моторциклиси и си земал за право да помине на мојата страна. Среќата била во нас, затоа што без да го приметам јас него сум си возел десно, "по крајчето синко, и полека" (баба Зора, Бог да си а прости).

После така "расонет" и подобро сконцентриран на сообраќајот ги воземе патиштата кои беа преполни со возачи на секакви возила. Пребреми ми предизвикуваше мојата сакана и исто толку омразена видео камера GoPro hero 9 Black. Незнам по кој пат ПАК почна да ги реде сите нејзини знајни и не знајни проблемчиња, почна да исклучува поради малку струја, на 82% капацитет на батеријата, па почна сама да одлучува во кој модус ќе снима или пак не. За да на крајот прифатам и ја исклучам без батерија во нејзе на некое време, да изладе… И тука се случи втората ситуација. Спуштајќи се од живописното  езеро Вегитал (Wägitalersee) достигнав од ниа англичанските дневни соби на тркала (Land Rover Defender) и тоа од ниа нај едрите. ДА, патот е тесен ама скоро секаде се пристојни шест метри ширина, на места не

маркиран заради поправките, АМА во никој случај да мора да застаниш со автомобилот па тоа и Land Rover Defender да е. И автобусите не се по широки од 2,5 метри, шо значи дека секој си има по половина метро фазла. АМА јас не знам што мислат човеците кои возат овакви (Land Rover Defender) чудовишта, дека ако застане ќе се стесне ли колата??? И така возејќи на пристојна дистанца и растојание, имав намера да го престигнам овој контејнер од кола. АМА како и секогаш во животот, на места каде би било можно престигнување, значи правец со доволна ширина и доволен преглед, возачот на луксузното теренско возило забрзуваше и преку 80 км/ч, не можев да го пратам. Па се одлучив да последните неколку километри низ клисурата ги извозам зад преоптоварениот и изгубениот возач на ова возило. АМА судбината не сакало да биде така, од кога му го "фанав редот" и не беше толку жално. На кривините и при разминување со други возила успорувавме до "градска вожња" и на правото шибај – стотка! И така на едно право повторно забрза он до незнам колку, јас веќе се откажав да го пратам, за да наеднаш повторно си ја повториме лекцијата "фол бремсунг" ☺ тоа значи стискање сите кочници до степен пред да блокираат тркалата. За жал моето сакано BMW R80 RT со традицаја на катастрофа кончинци, не можеше да застане на истото растојание како блескавата, неколку стотици илјади франкови, кола. Па во неколку делови од секундата додека изнедено морав да ја претицам / избегнам колата која требаше да се движи со брзина од 80 км/ч, а не 10, сватив дека автомобилот Land Rover Defender го возе младата наконтена Олга, а до неа седи стариот и богат Франц и сета акција е заради радарот поставен покрај патот кој на никој ништо не му прави ако си вози 80 км/ч.

Нејси, испаднав на рамното и правец Цирих, а од правец Цирих – облаци, и тоа од ниа убаво темните. Ајде, малку у лево да не ќе поизбегниме од главното. Поминав низ "старото маало", покрај дрвцата во Ноихајм, низ пределите со цреши кои и оваа година условено од тоа шо не сум пензионер ќе ги испуштиме да ги фотографираме во нај раскошниот момент и го исправив патот до реномираната фирма за реклами VIZART. Тука попат ситно роса зароси, а ветрето не беше тивко зато што се движевме со господарските 60 – 70 км/ч

Некогаш стигнав дома, и ги анализирав снимките од мојата сакана и омразена камера. ДА имав ниет ОДМА да ја пишам за продавање. АМА како секој коцкар пак најдов "рачка" да ја задржам и нарачав две нови батерии, може до нив е, нешто ногу "напупени" ми се виа шо ги имам….

Значи че ПОЧЕКАМ до после одморот со продавње на камерата, се надевам це управе. ИЛИ ПАК ЌЕ БИДЕ ДУБАРА ?!?!?

# Коридор 23

gordan 20.05.2023



Почеток на месец мај, пролет. Ја имавме честа и задоволството повторно да ја посетиме НА♪♫ШАТА МИЛ♫♪♪А МА♪♫КЕДОНИЈА♫♪♪!
И овој пат по незнам кој пат, со авион. Чудна е човечката психа. Со денови бараш "по ефтини авионски карти" за да на крајот заштедиш неколку гроша, колку за една вечера и кои во суштина не се ни битни во целокупната сума на потрошени пари, нерви и време. АМА важно на карти заштедиме 100.
И пред тргнувањето и за време на одморот во НА♫♪♪ШАТА МИЛА♪♫ МАКЕДО♫♪♪НИЈА! имав да запишам илјада работи, ама време се нема, а и мотивација.
Уште пред тргнувањето бев спремен на "тука е така", "ами сега така е", "лесно ти е тебе", "ти не а разбираш ваа", едноставно бев на СЕ спремен и за тоа ги оставив работите да си течат по тамошно, "како шо е редот".
Првите денови поминуваа во дружби, средби, со нај блиските попратени со квалитетна скара и завидни количини на алкохол, ама баш тоа се моментите за кои се бориме. Јас и моите во ТУ♫♪♪ЃИНА♪♫ТА ПУСТА ДА ОСТАНЕ♫♪♪! и немаме ногу време, а и прилики, така, безгрижно, да се расположиме. Па за тоа овие вакви средби ногу ни годат на душата (на мешето по малце).
Тие денови и ако срамежливо пролетни, убаво истерав (барем јас)
Бевме и почестени да присуствуваме на една свадба. Така стандарт, Македонска, по нов терк/стандарт. АМА убаво.
Имав прилика да видам преправени човеци. Се рекло свадба и на свадба се оди со нај новото одело, или тоа едното, за свадби и погреби. Јас исто така имам едно одело, со сите нишани, и до сега го имам три пати облечено, и три пати не сум се чувствувал пријатно во него. Мислам нема да го мачам веќе. А за човек

да носи одело, треба да е скроен за тоа. Човекот да е скроен, не оделото. Ама во НА♪♫ШАТА МИЛ♫♪♪А МА♪♫КЕДОНИЈА♫♪♪! се е дозволено и се прецвакуваме.
Имав прилика да посетам пријател на болничка постела. Нај ајле, од се срце му посакувам да шо побрзо закрепне и се врати со сета енергија во секојдневието! Од него слушнав приказни, т.е. нај сурови вистини за еден здраствен систем кој е доста веома врло болен, да неречам пред умирање. Од после, кога ќе си ги вратам неговите зборови и кажувања, сфаќам колку тие 30 (со букви триесет) и кусур години транзиција ја однеле државата у 7 до 8 пичке материне.
Размислувам и не можам да се изначудам. КАКО таа држава (моментално) наречена Република Северна Македонија вегетира? Не, она не "живее" она од дамна е мртва, само не може да осете.
Теми на утринските "контактни емисии" во тој период беа платите на функционерите и "Коридорите 8 и 10". СИТЕ беа стревожени оти функционерите си ги зголемиле платите, па така претседателот и премиерот на тоа што се нарекува држава ќе земале по 3000.- € плата. Тоа плата ли е за еден претседател/премиер?!?!? Никој не се тревоже и не превзема нешто шо ОН уште 200.- € плата зима, премиерот му пречел.
Се возбудуват шо државата ќе инвестирала милијарди во патната инфраструктура! АМА (ќе извините, по кавадаречки кажано) никој кур не го боле шо децата немат учебници.
Светот е забеган, а у државите како што е вечната кандидаткиња, Република Северна Македонија, за влез во ЕУ ептен сурово се приметува.
Имав прилика да се сретнам и со ЧОВЕЦИ, градски ликови, кои уште со своите последни сили и со голема енергија, работат за зачувување и работење на тоа малку што остана и шо се вика "градски живот"!

Имав мисли и сакав да напишам за "политиката" со авионските карти, кои демек се ефтини кога ги бараш по интернетот, АМА после треба да доплатиш за седиште!!! куфер, даавчки за обработка?!?!? ….
Сакав да пишувам за се по големата (не)култура и без респктното однесување во сообраќајот во Македонијата (ако во општо тоа може да се наречи сообраќај), за не културното однесување на некои си учесници во сообраќајот кои движењето по оваа планета го користат за отстранување на нивното ѓубре. За фамозните "четири жмигавци" и "забраната" за користење на жмигавците при свртување, промена на правец..

Ногу сакам да пишивам за глобалната медиумска окупација од страна на таканаречените "зелени", "последна генерација", "ЛМНЊ комЈУнити", и за користењето на ситуацијата од страна на нафтените и медиумските магнати

АМА на крај само ќе кажам, не само во НА♫♪♪ШАТА МИЛА♪♫ МАКЕДО♫♪♪НИЈА! секаде на Светот е исто, ќе бидиш среќен ако денот (ти и твоите блиски) го завршиме среќни и здрави и ци речиме:

ЌУТИ, ИМА И ПО ЛОШО!
- https://foto-gogo.ch/album/MKmaj23/
- https://www.youtube.com/watch?v=sESp4NL3qzw&t=182s

# за моторџичките работи

gordan 24.05.2023




Првиот "моторџијски" викенд 2023. Времето и ако срамежливо температурите на пристојно ниво. За почеток со, така, «домашната» рута. Од Готхардштрасе на Готхард превојот 🙂 .
Беше сабота, прва после крајот на зимската забрана на превојот, дали заради временските услови, многу сообраќај немаше, пријатно за возење. И узпат ај на Обералп. Он веќе беше отворен неколку недели, ама светилникот не работеше 😟. Нејси, извозив стотина-двеста километри и убаво ми легнаа.

Недела, времето уште по ветувачко. Со «сонеман» закажани на една раскрсница на која слуууучајно и добра пекара има. Испиено кафето, кифлата апната и ајде правец на предвиденото место за возење денес. Преку превојот Хулфтег не поминаа неколку малецки Роси, Маркез и слични, кои прекрасните кривини ги користат за трошење гуми, навивање на гаста и презентација на «тркачките» им способности.
И така стигнаме до саканиот «почеток» на денешната екскурзија. Тогенбург и Апенцел доста веома врло убаво се презентираа.. Само  срамежливото сонце и магловитиот воздух не дозволуваа да блесне природата во сета своја пролетна раскош.
Од ногу глава боли, викат старите. Па така и јас со возењето низ еден од нај прекрасните предели на Швајцарската Конфедерација,  мотиви за фотографирање илјадници,  и се чекаш да дојде уште по интересен, по убав.
На крајот, фотографии пет (со бројки 5). А можеа да бидат стотици, ама нели

на возење испадname, и ќе се тешам, «светлината не беше баш идеална…»
И ако временските услови прекрасни за возење, зачудувачки малку сообраќај по патиштата. Имам впечаток дека се се враќа на нивото «пред короната». За време на короната и ограничувањата за слободните активности мислам сите фанаа да возат мотори, електровелосипеди и било какво возило шо те транспортираше по улиците.
Ама среќни сме вака, секој у својата секција нека си биде активен.
Возењето по така «нормалната» Швајцарија за мене претставува вистинско задоволство, од една страна сконцентриран на сообраќајот и патот ги заборавам секојнeните грижи. А од друга страна поминувајќи покрај бројни фарми, куќи села, цело време си мислиш како ли живеат човеците тука, шо работат? Кај некои ти е јасно, мислиш дека се откинати од Рајот и тука оставени, ама кај други си мислиш шо ли е тоа што човек се одлучил у вакво никакво место да направиш дом???

Да следното возење ќе се организирам по добро околу користењето на апаратите за визуелна документација на денот, ваа пата некако немав среќа.

https://foto-gogo.ch/album/230521/

# Едно мирно жешко лето….

gordan 17.07.2023



Октомври 1989, со возот Атина-Париз Гого пристигна до Бухс, Кантон Санкт Гален, Швајцарија. Првата друштвена средба беше на една забава на југословенскот клуб во Цуг. Бевме уште југословени и контактите со "братството и единството" пресни од ЈНА. Тука пак ја слушнав наа филозовската: "кроз Босну не пјевај, кроз Србију не играј, а кроз Македонију и не певај и не играј! Да, на времето, во бивша Југославија Македонците важеа за најдобри пеачи и најдобри играорци. Важеа за мирни и разумни "другари и другарки" и се дружеа со сите, од Вардара па до Триглава… па дури и турците и бугарите беа у "братството".

И после дојде "конфликтот" во СФРЈ, Македонија како единствена република се "оддели" од Југославијата без воено дејствие. Бевме пак поносни и бевме уште повеќе ценети од западниот (европејскиот) свет. Ама војната си дојди, покасно

ама беше војна. И уште трае. И ако не во вооружена состојба, војната насловена како транзиција, трае триесет и кусур години и секојдневно, секој саат, секој момент уништува по една ронка од угледот и почитот спрема Македонија и Македонската нација.

"Ако сакате да уништите една нација, уништите и го образованието!" Беше стоело на некој универзитет во некоја белосветска земја.
Ете во Македонијата поминаа учениците уште една учебна година без учебници. (а и тиа шо ги има се  за плачење)

А дека нацијата ни е уништена, и дека на власт се "неки нови клинци" кои или немале учебник, или имале од ниа "експерименталните" учебници или и не биле на школо сведочи фактот што и после триесет и кусур години ( со бројки 30+ ) уште разделбата од Југославијата не е во целост завршена.

Од некогашна нација од која целата балканска естрада се послужуваше од фолклорот и беше мерило за квалитетна народна музика, Македонија постана нешто како "социјална служба" за истрошени, изветвени и разочарани певачи и певаљки од просторите на бившата ни Југославија.

И така традиционалниот и од некогашни визионери и синови на Кавадарци до "институција" развиениот "ТИКВЕШКИ ГРОЗДОБЕР" преминува во некој си вид на клиника за леќење на некои си поединки од комплекси на помала вредност, вредност која само они ја вреднуваат…

Под мотото "НАПРЕД У ЕВРОПА" сета таа политичка мизерија од амеби ја управува државата наречена Македонија директално во бездните (дупките) на таа курва наречена Европа…

За крај, пријатни летни денови со песмата:
УДРИ ШАБАНЕ!!!

# без наслов

gordan 24.07.2023

Да, во право сте господине. На извесна брзина се осеќаат вибрации, ама тие не се зависни од брзината туку повеќе од вртежите на моторот. Ама од каде и зошто доаѓаат не можиме да утврдиме, а ќе биде тешко или без резултат и ако почниме темелно да бараме, на пример да го раскопиме моторот на основните компоненти…

Да, задниот дел е малку крив. Ама тоа нас не ни е познат феномен. (а ваму интернет врие од слични "феномени").

Да, стварно не може да се состави прскалицата, ама да бидеме искрени за тие пари не смеете да очекувате ногу!
?!?!? нова прскалица, не можиш да а составиш и да ја користиш, ама не била скапа!!!

Си заборавил да исклучиш ромингот, уклучуваш мобиљката у туѓа држава, и ОДМА ти иде порака дека се наоѓаш во туѓа држава и дека промингот кошта нешто. ОДМА исклучуваш сите тие работини. АМА после некоја недела ти доаѓа рачун за користење на интернет у туѓа држава. ЦЕЛИ 2,5 мегабајти за едни никакви 50.- фракови, швајцарски.
Да, господине. Сте користеле интернет во туѓа држава и тоа е така, ние не може да сториме ништо! Не можат да сторат ништо, а МОЖАТ да касират 50 франака…

И така ќе си станиш насабајле, по рано, ќе се дурдисаш и ајде на работа. Ногу нема шо да а мислиш, има кој да мисле. Само јас ногу сакам да знам кој е тој или кои се тие шо ни ја кројат судбината.

Еве воа горе пишуваното стоело веќе месец и пол на компјутерот и чекало да биде објавено или едноставно речено сум заборавил да го допишам и објавам. А од почетокот на април месец многу работи ми се заостанати, заборавени, пореметени, не иде ред да ги почнам или завршам. Некои работи ми се вметнаа не сакано во приоритетни па така "средeното" секојдневие се најди во распад.

Ова лето ќе го паметам по тоа што во општо не е  "моторџииско" неколкуте слободни викенди или е жешко ѓоа ваквоа или врне за озбилно. А преку неделата скоро и да нема ден кој може да се искористи за барем стотина километри… Покрај моторката, и фотокамерите мируваат условени од времето, расположението и приликите. На неколкуте возења со моторките, видео камерата (ако не штрајкува) снима со надежд дека барем така нешто (некогаш) ќе се искористи. А тоа пак, видео записите патат од немање време и мотивација некој да ги превери и среди.

А таму, видео записите, друг универзум. Видео записите ги замислувам како "дел од изложбите на фотографии". После десетина години, дупло повеќе успешни, не посетени, инересни, промашени, за паметење, поучни и нијанси на секој вид изложби на фотографии одлучив (пред НОООГУ години) да веќе не правам изложби на фотографии во класична форма. Од кога за секоја изложба вложив голема количина на време, пари, енергија и расправање со шофери за да една (или поточно, стотина) фотографија стигне од објективот до галеријата.

Мултимедијална изложба. Четири – пет монитори, исто толку фотографии, за тоа што нема ништо по моќно од една фотографија во големина две на три метра! ама големиот дел презентирани како "кино" формат. И тука дојди во игра видео записот. Како основа или "упатство" како и каде настануваат поголемиот дел од моите фотографии.
АМА како ногу работи во животот и воа испадна дека едно е желбата, второ е можностата а трето приликата. Со желба за добар видео запис ама со што е по

мала камера пред ногу години почнав да испробувам акционски камери од SONY, преку JVC да на крајот допрам до "најдобрата" акционска камера GoPro. И стварно, GoPro –то испорачуваше (и уште испорачува) нај добар видео запис. АМА пустињето, со појава на секоја нова генерација (бројка) ние како конзументи воедно сме и "развивачи" на технологијата, на секоја употреба откриваш нови недостатоци кои они после можеби и ќе ги поправат АМА нервозата за не завршената "работа" остануват. И така и после GoPro 6, GoPro 8 и со сегашната GoPro 9 не успеав да направам видео материјал во должина од 6 саати во еден ден, обавезно нешто откажува. Ама прифатив компромис, ќе направам сегменти, од по саат – два, некогаш. И така повторно направив излет во други марки Rollei, акционска камера со убави технички особини. АМА после првото кратко користење, неколку негативности и само една позитивна работа спрема GoPro –то, батеријата трае многу подолго, ама па за тоа не разбира дополнување на батеријата за време на користењето…

И така моите екпериментално пробни работи околу ПРВАТА мултимедијална изложба продолжуваат со не битни активности….

Си седам и и си мислам како би било да направам такво видео (од возењето со мотор по Швајцарската Конфедерација) со една вистинска, професионална камера.

Почеток на осумдесетите години на минатиот век. Свадбите почнаа да се снимат со видео камери. Ги имаше неколку системи ама VHS от се проби најногу. Убава квалитетна камера VHS, беше некаде околу 1500 – 2000 "дојче марк", а наследникот на VHS S- VHS дури накај 3000 DM. И ние се радуваме на тој квалитет кои обично го гледаме на теливизори со резолуција од 640 x 480. А сега и на виа со 4К не не бендисува. АМА кога ќе замислиш па виа "камери" се по 300 / 400 €

Ништо, поминувачка нека има.

# Илинден, 732

gordan 01.08.2023



"Es gibt kein schlechtes Wetter, nur schlechte Kleidung!" – Нема лошо време, само лоша облека, вика стара швајцарска мудрост. Јас ќе кажам ма ојте у три до четири ….

Јули, нај летниот месец у годината демек, во Швајцарската Конфедерација беше (и завршува) нај бедно, од временска страна. Значи беше толку разврнет, ноември не му е рамен.

Јас ќе си го паметам по тоа шо како никогаш до сега немаше прилики да го возам моторот. Оти јас ИЧ не ја прифаќам филозофијата "Нема лошо време, само лоша облека". И покрај тоа шо моторите се водотпорни, а за облеката да не расправам, по шифуњерите се наоѓа нешто и за во Исланд, некако во сите тие години, скоро четериесет, не открив НИШТО интересно на возење мотор кога врне, па макар и само дожд. Како по нарачка или како некоја завера, таман ќе дојде слобеден ден или прилика да се откине некој саат за возење, дожд или ако не беше дожд сигурно ќе имаше киша ☺

Исто така условено од временските и мотивирачките околности и фотографијата страдаше во месецот јули 2023. Еве денеска го спремам "месечниот осфрт" и изгледа ќе нема ни "еден филм да исликаме". Шо да

правиш, идат такви периоди кога се не плодни. И со секој нов ден се надеваш дека ќе биде поарно.

Некаде почетокот на седумдесетите години на минатиот век. Како дете, првпат видов огномет. И тоа на тогашниот, вистински, "Тиквешки Гроздобер". Како дете тоа ме фасцинираше, свете, пука, однадуе… чудо! После неколку стотици видени огномети си го поставувам прашањето: ШТО???
Шо корист имаме од огнометите? Да, уште привлекуваат ѕвездичките во разни бои и формации, и во секоја прилика предизвикот да се направи "фантастичната" фотографија, АМА после? Не ми е јасно, како у денешно време (барем во Швајцарија) кога у секоја клетка на општеството не масират со намалување на јаглерод моноксид, диоксид, загадување на човековата околина, уште истите тие чиновници кои не гонат само ако малку чуре автомобилот или моторот од друга страна лежерно доделуваат дозволи да се испукаат стотици тони материјал и димовици само за да некој си го негува егото.

Да, и покрај сите мои напори да ги сватам и прифатм работите за кои по големиот дел од населението се радуваат, две работи не можам никако да ги сфатам, огнометите и соблекувањето на дресот од фудбалерите кои ќе дадат гол??? (или за тоа се вика гол, да се соблечиш гол кога ќе дадиш гол???)

Како и да е август 2023 почна дождливо, и старата швајцарска мудрост вели: може да биде само по добро! Се надевам дека не ќе морам да "крадам" по некој саат, како синоќа, за да се извозам со моторката и дека ќе има прилика, денови или барем пола ден ги шпартаме патиштата на Швајцарската Конфедерација. И после неколку месечната "преселба" на друго работно место конечно најдам мотивација да штракам повеќе со фотокамерата….

# Облеката го чини човека

gordan 14.08.2023



Со денови, недели, месеци, немав "две фотографии врзано". Дефинитивно, новото работно место ми ја убива креативноста. Ме тера да мислам на други работи. Ама еве три денови "слободен" и оп, камерата штрака. Нека е добромисла, ќе се управиме и ќе си го фаниме редот.

И така, малку одморен и "исклучен" од секојдневието одлучивме да направиме мала екскурзија по Швајцарската Конфедерациј, цел – Берн и околината. Патот не водеше низ живописните предели на централна Швајцарија. Првото паркирање беше над Лунгерен, видиковец со за мене една од нај убавите панорами за класична швајцарска разгледница! Како брзо застанаме, уште побрзо беше разочарувањето. Некогаш прекрасната панорама, природата агресивно ја освоила и чичковците шо се задолжени за одржување на патот сиромашко поисекле неколку гранки колку барем делече од целата долина да се виде, а тоа нели ќе ја чуваме природата… Да се повеќе и се почесто на моите патувања по патиштата на Швајцарската конфедерација наидувам на места, кои пружат (пружеле) прекрасни панорами и кои сега од клупите имаш поглед на некоја грмушка или дрва.

"Stiftung Giessbach dem Schweizervolk", (Фондацијата Гисбах на швајцарскиот народ) со години гледан од далеку, од преку езеро, водопадите на Гисбах до прекрасниот хотел над езерото Бриенц, му дојде редот и времето да се посети. Последните неколку километри се "квалитетен" – ридски пат кој само на места дозволува разминување на две возила, а големиот дел нема можност ни велосипед да заобиколиш (престигнување е акција кога со по голема брзина престигнуваш друго возило кое се движи со по мала брзина, велосипедите на вакви патишта … не можиш да кажиш дека имаат брзина, повеќе се мислиш како некои човеци имаат способност да ги игнорираат законите на физиката И ТОЛКУ полека движат велосипед?!?!?!). Нејси, стигнаме на паркингот кои како сите паркинзи во планински услови беше одбележан и послан со шотер, И НОРМАЛНО!!! автомат за наплата. 10.- CHF (или со зборови десет франаака ☺ ) се да се платат, не за саат, не за ден, незнам за колку ама 10. Нормално (за мене) мене одма почнаа цревата да ми се вртат, и чудесни и не убави зборови да излеваат од мојата уста. Некои работи, вакви, ме нервираат до срж. Ме нервира односот на одредени структури во општеството кои во автомобилистите (па моторциклистите) гледаат како крава за м'зење. Па сите грабаат пари колку шо можат и малку повеќе. Ќе речете, па треба да се плати, човеците обезбедиле, пат, паркинг и го средиле излетничкото место и ти дале можност да го посетиш. Беким, тоа е така, и јас сум спремен и сум плаќал, за влез 20, паркинг по 2 фр. на саат, за пиво во киоскот 7.- АМА до срж ме нервира и за тоа ги споменувам најблиските и до трето колено на тиа шо ноншаланто на автомобилистите му земаат 10 франака а велосипедистите (паразитите на модерниот сообраќај) ја имаат привилегијата сето тоа бесплатно да го користат па дури и по патеките на излетничкото мести ти ѕвонат да се тргниш од патеката за да они поминат, ќе има пцости и во иднина…

Велосипедистите, интересна група на сограѓани. Да и јас возам точак, до душа се по малку ама знам да возам и само времето не ми дава да возам повеќе. Возењето точак во Швајцарија е вероисповест. Има, ретко, ама има, возачи на велосипед (во народот познат како точак) кои како јас, возат некој велосипед и

возат велосипед. Да и јас имам велосипедски панталони со сунѓер на газот, имам и некоја маица и палтенце за на точак, АМА брату ептен стари, од пред едно 10 / 15 години… Ама знам, јес да облеката го чини човекот, АМА облеката не е е таа шо ќе ја накачи нагорнинката, мускулчињата на нозете треба да бидат исправни. Па така не ми се јасни некои ‶велосипедисти‶ кои ја имаат нај модерната опрема и нај квалитетните точаци, АМА го гледаш дека неговот стил на возење е мачење и на точакот и на околината… Пред некој ден на една раскрсница сретнав една жена, добро де бабичка, која делуваше како да има 80 +, со нејзиното ситно и кршливо тело сигурен сум дека можи да го управува велосипедот кој тежи само 6,5 кг ( и исто толку или и малку повеќе,  вреди во илјади франкови) и дека на најновата облека, кацига и наочари на кои и некои од учесниците на ‶Тур д' Франс‶ ќе и завидат, допринесуваат за безбедното и сигурно возење, АМА … тоа сето за шо ОНА треба да го вози велосипедот, може да го заврши и со секојдневни работини. Но неколку пати имам спомнато, уште од моето доаѓање во Швајцарската Конфедерација им се одушевувам на Швајцарците, кој пристап го имаат спрема слободните и професионалните активности во однос на облеката и опремата. Тука нема компромиси, тука нема пренамена, тука нема прилагодување. Се знае што и како се носи за таа и таа активност – ТОЧКА!

Моторизирани велосипеди, мотоцикли (или во народот познати како мотори) се повеќе мој интерес. За разлика од велосипедите тука веќе има прописи. Основните се моторцикалот да биде регистриран, читај исправен, треба да имаш возачка дозвола, читај треба да имаш поим од сообраќајот И МОРА да носиш кацига, читај заштитен шлем. Е сега со годините и сам ќе приметиш дека треба и убаво палтенце и добри панталони кои ќе те штитат од ветер, дожд, бумбари и кои не дај Боже, ќе ја превземат функцијата на лупење кожа во случај да се сриниш. И така во денешно време и таа графа на облека се рашири и постана статус на МОТОРЏИЈА шо полека ‶боли‶. Како некој фудбалски навивач кој само он знае зошто се ‶врзал‶ за саканиот клуб, така и јас имам долгогодишен посебен однос кон моторциклите од ѓерманско производство познати под името »BMW«. Пред извесно време преку ‶каналите на социјалните мрежи‶ дознав дека мојата нај сакана марка има летен попуст на опрема од сопствената колекција. Нормално, палиш моторката и у продавницата, да видиш шо има на попуст и дали ќе се најде нешто што треба. Ми треба едно летно, лесно палтенце. Моделот го имат, бојата не е таа и ‶големината‶ ИЧ. Ништо шеташ по продавницата и гледаш шо нудат/продават. Наидуваш на ‶интересно‶ палто го загледуваш и си викаш: ЗОШТО БЕ, зошто илјада и триста и кусур? и истото прашае и го поставуваш на фината и весела продавачка. Нормално ми објасни дека тоа е од НИВНАТА НАЈ нова колекција, изработено со изработено со НАЈ квалитетни материјали (во Виетнам) и дека погодно за користење ЦЕЛА година! Сестро, едно ако научив тиа 40 и кусур години управување на мотори, е тоа дека не постои палто или опрема во која ќе се чуствуваш пријатно насабајле и на ручек, не прави муабет за цела година. Нејси, учтиво ја прашав дали имаат и ‶кратки‶ големини? така како за мене, шо вика мојот доктор за да не се вреѓаме: ‶по снажен‶ или у народот раширен поим: дебел ☺ . Уште по учтиво ми одговори дека немаат и дека НОВАТА колекција нема кратки бројки и дека нема информација дали некогаш ќе шиат

за дебели човеци,  Поминувачка нека има, Гого и понатаму ќе си вози со палта од не најновата колекција и не од саканата и почитувана ми марка…

Да се вратиме во Кантон Берн. Од кога се изнасликаме на Гисбах водопадите исправиме патот накај Тун, се пракираме во паркингот (3.- фр. за два саати) си апнаме пица по туристички цени завртиме по стариот град и ајде последната цел во денот, Берн. Берн седиштето на Швајцарскиот парламент и Швајцарската национална банка. Често погрешно нарекуван главниот град на Швајцарија / Швајцарија нема главен град. Ако, и без епитетот главен град, место кое вреди да се посети види, секако со акцент кон стариот дел од градот кој е изграден на ‟полуостровот‟ направен од реката Ааре. Од ваму, од наму, со заобиколка стигнаме до стариот град и неговата ‟главна‟ улица. И тука во тој повеќе вековен раскож шо ќе видиш?!?!? Се распослал – панаѓур! Добро де, не класичен панаѓур како ние шо го знаеме, ама и покрај модерното и странЦко име, ‟фуд фестивал‟ ‟стриит музик‟ или такво нешто, некои си штандови со сумниви јаденија и пиачки со потекло од цел свет и со претерани цени го унакажуваат лицето на старите градби кои самите по себе се уметност. И така ќе завртиш по уличките од страна, колку, толку да осетиш од душата на градот не контаминирана од смрѓавата на зејтинот од ‟фрулунгсроллен‟ и воздухот загаден од лутилото на далекуисточните култури…

И некако дојдоме до зградата на парламентот на Швајцарската Конфедерација! А она, како и пола Конфедерација, во реновирање. На ‟прекривката‟ од скелето со големи бројки напишано 1848. Да бе, ќе ми текне, они ваа година слават 175 години на Уставот на Швајцарската Конфедерација, 175 години закон бе!!! Ногу ми е криво шо живеам во епохата на реновирање на Швајцаријата, нема место, пат, рид, езеро, некаде да тргниш а да не ‟нагазиш‟ на градилиште. Ама како погоре спомнатото, »Фондацијата Гисбах на швајцарскиот народ«, така сето тоа шо сега се гради и преправа, е за »на швајцарскиот народ«
И да, после еден оваков ден, уште повеќе ќе ја засакаш Швајцаријата. За тоа што и покрај сите ‟негативности‟ подбро речено посебности, покарај сите ‟давачки‟ за да поминиш еден убав ден, покрај малите нервози и големите пцости, СЕПАК гледаш дека баш заради сите тие посебности Швајцарија функционира ѓоа швајцарски саат!

>>> https://www.foto-gogo.ch/album/230812/

# » Зборувај ми за времето вчера «

gordan 25.08.2023




После короната не е ништо како шо беше. Со години беше за мене "вечерната мото тура", еднаш-двапати у годината, после работата преку Клоентал и превојот Прагел дома да си дојдиш обавезнозадолжителна. Еден од нај живописните и не "контаминирани" патни превои и ако не толку висок. Бидејќи не е некој важен патен правец, од века за викендите бил и е затворен за моторизиран сообраќај. Е сега, предпоследниот пат не измислена работа. Вторник, празник, јас слободен. Си викам ајде сега да го извозиме "еднаш контра", од Муотатал за Гларус, а не како секогаш до сега од Гларус за Муотатал. Не беше интелегентна идеја. Да, одамна сакав во тој правец да возам за да не ми биде цело време сонцето во очи, ама за празник на Прагел, не е интересно. Истата идеја а имале стотици други учесници во сообраќајот, шо моторизирани, шо не.  Ништо, после неколку часовно "борење" шо со сообраќајот, шо со градежните работи на патот (у другиот кантон не било празник) на неколку метри пред можното поминување, не вратија назад. Поради сообраќајна незгода патот затворен, на еден километар од раскрсницата која нуди два правци за излез од котлината. И така после неколку денови повторно истиот "подвиг", преку Прагел и Клоентал од Муотатал за Гларус. Овој пат после работата ☺ . Времето за разлика од предходното возење исто топло ама небото беше измешано шо со облаци шо со некои магловити појаси. Фотографија направив некоја, и за мене се прекрасни, но во денешната конкуренција на фотографии "појачани" со "AI" или "KI" – шо на Македонски би

му дошло ‟ВИ‟ или во слободен превод ‟вештачка интелегенција‟, остануваат не забележани. Ако, јас и такви си ги сакам.

А тоа шо вештачката интелегинција полека на ваквоата ми иде е друга прикаска. Преди ногу години, гледаме некои си ‟научно-фантастични‟ филмови (уште не ми е јасно зошто ги крстиле научно-фантастични, дали стварно некој ‟израчунал‟ како ќе биде за некоја година или фантазирале човеците на слободна тема па ако нешто се погоде, погоде) на VHS и на телевизор во боја. Имаше едни во кои компјутерите ја превземаат контролата над човештвото. Беше интересно ама никогаш не помислував дека НАС ќе ни се случи тоа. И еве, само 30 години подоцна, нема ни половина век, доживувам да морам да се ‟расправам‟ со компјутери, или вештачка интелегенција. Не беше доволно шо на секое јавување во некоја фирма мораше со минути да стискаш бројките од еден до девет, за да евентуално добиеш потребниот човечки вработен во фирмата и прашаш или нарачаш тоа шо ти треба.

Денес се јавувам во мојата матична ми банка и ОП, ми се јавува ‟дигиталниот асистент‟ !!!?!?!? ме прашува што ми треба за да ме поврзи со соодветниот советник. АЈДЕ кажувам во два збора. Ми објаснува дека ‟нашиот разговор‟ ќе биде сниман ‟за обучувачки цели‟?!?!? КОЈ КОГО ЌЕ ОБУЧАВА??? И после почна, да сум го кажал бројот на жиро рачунот и датумот на раѓање !!! и тука клемите ми направија курцшлус! Ти мене така, јас тебе вака. Нормално бројот на жирорачунот шо го изрецитирав можеби и постои, ама не е мој, а за датумот на раѓање ќе ми извини Никола Тесла. И СЕГА ми вика, финиот ‟дигиталнен асистент‟: ‟зборувај две три реченици, зборувај ми за времето вчера, како би можел да направам твој личен ‟гласовен одпечаток‟ за по лесна идентификација во иднина‟. #§@!¥¢!₰₾!!! На ова место не би пишувал шо се му изнакажав на ‟дигиталниот асистент‟. И така после неколку минутно ‟борење‟ со ‟дигиталниот асистент‟ допрев до вистински советник и ако со ѓермански акцент. Нашиот муабет:
– Добар ден,
– добар ден
– ми треба тоа и тоа,
– вашата адреса и датум на раѓање
– таа и таа, тогаш и тогаш
– благодариме, ќе ви ги доставиме документите по пошта
– благодарам пријатен ден
– и јас ви посакувам пријатен ден

И за тие 15 – 20 секунди муабет се борев со ‟дигиталниот асистент‟ повеќе од 7 минути… ДА ЖИВЕЕ ДЕМОКРАТИЈАТА!!!

Денеска така револтиран од конкретната ситуација и плус неколку други мали ситници кои автоматически те дробат у машинеријата наречена ‟вештачка интелегенција‟ ми се иде да фатам ујдурма и да не се вратам. Ме нервира, ме револтира и ми се иде да фанам да земам некое чифте и да почнам да се борам против ‟вештачка интелегенција‟, ама ми текнува на господинот Дон Кихот и си легнувам на брашното, полека АМА сигурно.

# извештачена интелегенција

gordan 15.09.2023



Следбеник на некоја партија, фан на некој спортцки клуб, обожавател на некоја музичка група, љубител на извесна марка. Сите тие (ние) функционираат по некои не дефинирани космички правила. Се врзуваме со за нас ни саканите идоли/марки безрезервно и безусловно. Уште у времето на класните првенства не гледав мој успех ако моите школските победат. Секогаш сум бил со сфаќање дека победата на некој спортист е негова лична и дека никој тој успех не го постигнува за мене, мојот град, мојата земја. Ете и јас како вљубеник на една ѓерманска фирма која произведува моторцикли ми е јасно дека дотичните не произведуваат убави и квалитетни моторцикли за ЈАС да се гордеам со тоа туку нај едноставно они произведуваат убави и квалитетни моторцикли за да дотичната фирма продади што повеќе парчиња моторцикли и со тоа заработи повеќе евриња. Тоа најдобро се осетува во приликите како пред некој ден, се обратив до фирмата која го произведила еден од моите моторцикли, со прашање за неколку "ситници" кои не ме бендисуваат. И тогаш ќе видиш / осетиш колку една фирма со годишен обрт од 180’000’000’000 € и годишна заработувачка од 15’000’000’000 € ја интересира некоја си работа на некој си корисник на нивен моторцикал од неколку илјади еврија. Тука се вклучува "вештачката интелегенција" и опслужувателите или поточно кажано слугите на компјутерите и ти даваат до знаење колку си вреден.

Ако не знаиш шо е по добро, прашај шо е по скапо! Стара панаѓурска мудрост. И пак авиончето под газ и правец Македонија, древна. И бидејќи ни се досади да возиме со саати прво до аеродром, ајде со швајцарските превозници и полетување од Цирих, у нормални услови ни саат време не ни треба до таму. Аеродромот Цирих баш овие денови слави 75 години од отварањето, па така имав мислачки дека ќе биде гужви, демек има прослави, аеро/митинзи и сл. ама,  ништо од тоа не осетиме. Шест-седум пати поскапите авионски билети ги компензираме со близината на аеродромот, можноста за земање повеќе багаж кое е во цената на билетот и после незнам колку години со редовна линија – читај јадење и пиење во цена. Е сега, од »swissair« остана само »swiss«, а за борба на ефтини авиобилети од »swiss« (кој веќе не е швајцарски туку ѓермански) измислија буџет-фирма »edelweiss«.
Уште пред почеток на летот се осети дека фирмата нема швајцарски гени. Каснење од ненормални саат време и оброк во вид на кекс и една чашичка сокче. Аваму на интернетстраницата на која и самиот треба да чекираш наголемо пишува сакате луксузен или нормален оброк?!?!? Ајде, за некој ден па можеби ќе има подобра гозба.

# Со многу ентузиазам, ама без сол и оцет, правец Европа.

gordan 21.09.2023



И пак авиончето подгаз и правец Македонија. Уште на аеродромот Цирих се соочуваме со суровата и реалност. Полека ама сигурно човештвото се предава под контрола на машините и компјутерите. Секаде се поминува со QR-кодови, биометричките пасоши ги "чита" вештачката интелегенција, само седумте

франака за пола литро вода во кеш ги касира момето, по изгледот и говорот студент од источноевропските земји. Извиканата и секоја година фалена швајцарска авио компанија како во чест на дестинацијата на која ќе летаме, касни, така едно саат време. Нејси, полетаме. Пријавени за лет со оброк, од кога се достигна патната височина, добивме оброк! Во стил на "СДО" од времето на ЈНА, само ногу по сиромшко. Една гурбија и сокче, не полна чаша, за да не се потураш. Ако, не е убаво ногу да се јаде навечер, смета на спиењето.

И така исправиме патот по автопатот "Братсво-единство" или "Александар Македонски" или "пријателство", во секој случај автопатот е стар, ама за тоа има гланц нови дупку, квалитетни. Една делница од три-четири километри еве веќе четврта година како ја "поправат". Автопат кој како автопат е одбележан и се наплаќа како нај квалитетен автопат, ама од друга страна со ограничувања на брзината со 50 или 60 км/ч !?!?!? Важно да се касира и нашите ценети пратеници од парламентот да можат да си наплаќат "патни трошкови'.

Не благодарно е да се лафе (пишува) за политичката состојба во Народна Федеративна Социјалистичка Поранешна Југословенска Република Северна Македонија. Значи полека треба да се прогласе за традиција, упорното тврдење-убедување дека сега уште малку каа ќе влезиме у Европа СЕ ќе блесне!!! Се ќе биде по арно. А турските серии треба да се прогласат за дел од Македонската култура, оти нели ни со турците и ако ни биле окупатори, нај убаво си го имаме муабетот. Деценијското верглање у место преминува во нормална состојба и за "не упатените" како мене малку е не сфатливо како може да со години народот ги трпи ескападите на таканаречените политичари кои работат исклучиво за доброто на себе и најблиските им нивни.

Согледувањето, примањето на општата ситуација многу зависи и од личното расположение. Овој пат некако ништо не делуваше убаво. Секако, неколку моменти беа светли точки, а дружењето со блиските секогаш е мелем за душа. Ни Гроздоберот т.е. тоа што е наречено гроздобер не можеше да не расположе. До душа по зборовите на организаторот на гроздоберот беа собрани "ѕвездите" на југословенската музика?!?!? кои само во Македонија имаат слушаност или сожалување па упорно ги величат. На втората вечер поради "друштвени" причини застанаме на едно ќоше од плоштадот и имав "привилегија" да слушнам како една од тиа "југословенски ѕвезди" почна да пее и уште на втората строфа ја "анимираше" публиката да ги пеат неговите стихови / нихт функционирен! Да тоа го имам доживено на неколку концерти, од кога артистот ќе ја "загрее" публиката ја повикува да пее. Тоа и она кога некој комедијант ќе почне да ја "уклучува" публиката се едни од причините да одамна веќе немам желба да одам на некои си концерти и представи… Ми се лоше, дури на повраќање ме тера кога некој преплатен артист пробува да ја направе интересна со тоа шо ќе "комуницира" со публиката, абе пеј, лафи, за тоа шо си платен бе.
Ама тоа изгледа нова мода е постанато во сите сегменти на животот. Во сите кафани во кои бев овој пат добив салата не зачинета. Салатите богати и декорирани, ама не зачинети. Го мразам тоа, мразам кога јас како гостин и

електричар по занимање треба да ја вршам работата на куварот. Сите сакаат да предадат дел од работата и ако може цела одговорност на друг.

четврток, 08:45, 21.09. Мала Богородица, лето Господово 2023то.
Наеднаш сé ќе биде поинаку од сега. Животна одлука. После 33 години лојалност и ангажираност во една фирма, не најдоме заеднички интереси со газдата, резултат – разделба. Ќе пробам да ги истуркам уште тие три месеци па добромисла од години со нови перспективи и радост кон животот (последните 5-6 месеци беа  “живот-компот‟).

наскоро можеби ќе ги средам мислите и ќе продолжам со нешто разбирливо да пишувам….

# Денеска смрдеше како да си во полски нужник, во лето.

gordan 29.09.2023



Веќе неколку месеци работам на “ново‟ работно место. Моето досегашно работно место, т.е. сепарацијата во која работев триесет и три години (со бројки 33 години) газдата ја продади.
Уште од првиот ден не се спријателив со новата работа. Некако не ми беше “по мерка‟, а плус и од финансиска страна каа ме “утепа‟ газдата, со само за него разбирливи аргументи, одењето на работа ми претставуваше тортура. Со

времето малку ја навикнав и прифатив, ама мотивацијата, мотивацијата во форма на неколку стотици франкови швајцарски повеќе, она фале.

"СЕНН" во Ноихајм, сепарација со најубавиот видиковец (до душа имаше трговски патници кои тврдеа дека една сепарација над Монтрое има по убав поглед , ама не е таа така, го видов јас тоа, има поглед САМО на Женевското езеро) беше секогаш предизвик да си таму, ако не за друго, да гледа човек како се менува времето над Цугерланд. Со годините, триесет и три, си створив едно катче во кое пријатно се осеќав и со погодностите кои ги уживав не беше толку битно дали пет или шест илјади у франкови швајцарски.

После триесет и кусур години, дојди момент кога Гого ја почуствува сета суровост на капитализмот, работа од толку до толку за толку пари. (точка). До душа и тука, на "новото" работно место има убави човеци и пријатни моменти, АМА, "НЕМА ВТОРА ШАНСА ЗА ПРВ ВПЕЧАТОК!". Сето воа тука, убавото, тоне во две "ситници", подолгото работно време за НОГУ помалку пари. Ајде, работното време не е кој знае шо, пола саат повеќе на ден, (до душа со системот на работа од 35 до 40 минути повеќе секој ден на работното место) ќе го г'тнев тоа, АМА арогантноста на шефот/газдата во прашање за финансииска мотивација направи да проработе инатот во мене.

Поминаа неколку месеци работа, и неколку одмори, па грубо направениот рачун вика пристојно во "минус". Собрав храброст и начекав прилика па повторно пробав да разговарам со газдата, "шефе, јас си го направив рачунот и во споредба со Ноихајм тука заработувам ногу по малкку…" АКО НЕ ТИ ОДГОВАРА ОДИ СИ! Беа неговите суви и сурови зборови.
Уште истиот ден отказот беше напишан и испратен.

Реакцијата на газдата после неколку денови беше прашањето дали имам ново работно место или средствата од пензиискиото осигурување да ги депонира на жирорачун!!!

Разочарување. Потиштеност. Ма дури и гнев. Не не сум гневен на газдата. Гневен и разочаран сум од самиот себе. Како можев триесет и три години (со бројки 33 години) толку грешно мислење имам и да не приметам шо (не)човек од шеф е тоа. Незнам, а можеби и очекував дека ќе праша зошто сум дал отказ и дали може да се најде некое задоволувачко заедничко решение. Или после триесет и три години лојалност нема шо да лафиме??? Гневен сум на мене шо зборовите на еден мој стар колега и исто така долгогодишен РАБОТНИК во фирмата, Верни : "проклет рапеншпалтер[1] ни еден, тебе треба јајцата да ти се пресечат за да не правиш деца и до последниот рап да ти ги исцицат парите!" зборови кои Верни во очи му ги кажа на нашиот шеф и кој јас не можев да ги сфатам. АМА Верни бил у право. Човек кој светот го гледа само преку призмата на накупченото богатство нема чист поглед на Светот…

И така помина неделава, го завршуваме месецот и чекам нов месец, првиот од трите под отказен рок. Незнам како ќе се организарм тиа денови, недели

месеци. Во шо ќе барам мотивација и желба за работа? Чуството е чудно. Знаиш дека си не сакан у фирмата, желба за работа нула  и чекаш само да помине. Ајде од следниот месец со нови мотивации и нови цели во животот белки ќе се подигне општото расположение…

- [1], рапеншпалтер, цепачна рап. Човек шо води есап до последнот рап па и половина да е. Рап најмалата платежна монета во Швајцарија, 100 рапи = 1 франак. И ако се официјално платежно средство ги нема во оптицај (два пати во 30 години имам сретнато), 5 рапи се најмалата пара.

Новото работно место не ми пружа широк поглед и чист хоризонт. Фирмата сместена во Талкесел Швиц ( кесел = кофа или котел, значи во долина заградена од сите страни со ридје)  во индустријската зона, во која секое сабајле ни почнува, зависно од ветерот од која страна дува, со мирис на чоколадо од фабриката за скапоцени чоколади или со миризба од пречистителната станица на одпадните води на цела котлина…

- Не можам да се сетам од кога се брое "ситно" последниот месец или како бе

# Оти???

gordan 20.10.2023



Есен.
Не ѓерманскиот град Есен туку годишното време есен, дојди. И со неа, есента, ни донесе тоа што и доликува. Магли, дождови, кратки денови и обавезното есенскиот умор и депримираноста. Моментално на повеќе полиња сум депримиран, не сигурен и разочаран. Живот компот, што би рекол Ване. АМА ќе преживејме, како шо вика Пане. Со денови, недели, мозокот работе на безкрајно многу "проекти" се со цел да се го исправам патот, патот кој не беш којзнае шо, ама не беше трновит. У тиа процеси на користење на сивата маса, многу често наоѓам конфликти или дефектна логика, барем по мој станард.

Готхардштрасе, не во Артх на која живвеме, Готхардстрасе во Амштег, кантон Ури. Пред некој ден повторно поминав по неа. Улицата т.е. патот кој ги поминува Алпите. Ако не се тука и автопатот и железницата, ама до скоро, до преди 50 – 60 години единствената патна врска помеѓу централна Швајцарија и Теќино, југот на Швајцарија. Еее тиа неколку километри, шо се можат да раскажат кога би имале уста. За мене Готхардстрасе, тука над Амштег, правец Готахард, уште од првото запознавање ми беше симбол на човечката глупост. Симбол на тоа како властите, владите, законодавците, или можеби подобро речено господарите или илуминатите спроведуваат нив замисленото. Под Готхардштрасе кај Амштег поминува автопатот А2 или Е35 и од тука се искачува до најдолгиот тунел за патен сообраќај низ Алпите Готхард и поминува преку бројни тунели. Тунелите се како што доликува за автопат по две ленти во секој правец, до душа повеќето од овие "стари" тунели немат трака за сопирање, ама се фисички одвоени по правец. И ПОГОЛЕМИОТ број од овие тунели се со ограничена брзина на возење од 80 км/ч . Тоа, ограничувањето на брзината во тунелите, горенаведените – законодавците, го образложуваат со "сигурносни причини"?!?!? Е тука иде Готхардштрасе кај Амштег, пробивана преди повеќе стотици години со ширина, на места, од четири метри (со бројки 4) и сообраќај

во двата правци ја има таа привилегија да учесниците во сообраќајот кои ја газат тоа го прават со 80 км/ч !!! Значи ако две возила возат во ист правец на пат со две ленти од по три ипол метри се исто загрозени како и иститe тие возила се сретнат од спротивни правци на Готхардштрасе и барат место за разминување… Толку за грижата на законодвците.




Истото тоа, тој терк, го терат и со цената на безнинот (и дизелот) на бензинските пумпи. Таман некаде ќе пукне у Светот и суровата навта на свецките пазари ќе се покаче за доларче ОП одма се поскапува бензинот/дизелот, поради поскапување на суровата нафта. Со месеци и долари може да опаѓа цената на сурова нафта на светските пазари, ама на бензинските не се толку агилни, а и неможат да ја намалат цената ЗОШТО цената на суровата нафта не е "толку" значајна за продажната цена на горивата ?!?!? БРЕ ?!? за минус не е значајна, а за плус само шо ќе помислат дека можеби ќе поскапе ОДМА поскапуват горивата.

За војните да не расправам, не е благодарно. Во секој случај во секоја војна има терористи и бранители. Е сега, оценката на тоа кој шо е, не следува по некои цврсто утврдени правила, туку им е на слободно именување од горе наведените, господарите со Светот.

И така јас и понатаму, додека не се смени моменталната состојба, ќе го загреввам мозокот со мисли од типот кој е смисолот на животот?
Зошто уедна ДЕМОКРАТСКА земја МОРА да плаќам за телевизија која не ја гледам.
Зошто у една земја која се декларира за социјална секој плаќа исто, триста, заработувал три илјади или три милиони?
Зошто …

# Последниот час

gordan 26.10.2023

Последниот час, петок. Обично седмиот и последен час во петок, бегаме. Академското чекање 15 минути не го знаеме, та не беме академци, средношколци беме. И петок се бегаше оти е петок, диско имаше вечерта. Треба да се спремиш за излевање… Чувството не беше никогаш пријатно, ама "движен" од групната енергија, ќе пог'тниш и ќе дојде понеделник.

Денеска пак така, истото чувство. Не би требело да шетам. АМА, пред некој ден мојот ми сакан мотоцикал беше бил во сервис за годишна контрола и сервис. На пат за дома ми дојде до израз нов "феномен" кој го соопштив на сервисот. Фините луѓе од официјалниот BMW сервис ни збор не рекоа дека тоа не е можно или дека "тоа не е познато" или дека "до сега такво нешто немало", едноставно рекоа, дојди да видиме дали имаме некоја грешка направено или нешто не е собрано како шо треба. И ајде, денеска прилика, помеѓу двата дожда.
Добар ден / добар ден, јас сум заради тоа шо зборувавме, за RT-то. Ааа, ДА! Сега ќе го однесам во работилницата, напиј се кафе. Момето што работи на "рецепцијата" ми направи кафе и со кафето во рака шетам по салонот каде беа изложени новите BMW мотоцикли. И ОП, два исти?!?!? BMW R 1300 GS trophy ?!?!? ЗОШТО два исти тука? Аааааа, едниот има "бројче"!!!!! На дечкото во салонот "срамежливо" му се обратив, батка, абе воа моторчето има бројка, значи ли тоа дека може да се изврши пробно извозување??? Па да. Може да го пробате, ако имате возачка дозвола кај вас. ИМАМ!!! Му ја подавам возачката, почнува да пишува нешто на компјутерот и вика: а! вие сте во системот. Брату, јас одамна сум во системот, само незнам во кој. Потпиши тука. Потпишувам и дечкото ме спроведува до нај новото BMW, нај добриот мотоцикал во моментов на цел Свет и околината (барем ако ги читаме сите репортажи за него сега и во овој момент) и нај легендарниот мотоцикал уште пред да испаде на патиштата. И секако нај фалениот и величениот. Почна да ми ги објаснува бесконечните модуси и возни програми и можностите за лично прилагодување и програмирање… Батка, де ти, има ли воа моторче едно дугме за РЕСЕТ и да биде на стандарт фабрички подесувања, не планирам да одам за Шпанија или да се акнам по воа нивите зад село. Добро. Стисна "сдандарт" "пат" "нормал" … и го стартуваше како што доликува – кеејлес!!! сај на дугме. Се качувам на моторот на кој пишува дека има поминато 384 км, стискам куплунгот, стапнувам прва брзина, тргнува, втора брзина, уште на плацот од сервисот стискам предна, стискам задна кочница, добро тука се, и исправам патот…



И тогаш сфаќаш дека виа чичковците шо го фалат по интернетот, на сите тестови, биле во право и има зошто. Уште од првиот допир моторот ти дава чувство на доверба. Како да си го возел со години и илјадници километри. Едноставно нешто перфектно (ако се ограничиме на моделот, мене ми сметаше шо ногу дува, ќе те утепа промаата ☺ )

Се подружиме некоја минута, согазиме неколку километри и ајде пак на мојот сакан RT.

Да, новиот GS е можна опција за следна набавка, ама ќе треба да помине некоја година. Нов мотор не купувам. Нов мотор од прва година на производство никако. Значи ќе почекаме втора, оптимирана верзија, настаро….



# Време за промени

[gordan](#) [01.11.2023](#)




Пред некој ден го "смениме саатот", почнаме да функционираме по зимското сметање на времето (кое успад кажано било вистинското).
Пред некој ден на моторот му ги смениме гумите, нова марка – нова среќа?
Пред некоја недела ми го смениjа серверот на моите интернет презентации.
За некој ден треба да ги замениме летните со зимски гуми на возилата.
За некој месец ќе треба да се смени работниот однос или само работата барем.

И така во овој период на промени и прилагодување на промените, убаво ни дојди традиционалното шетање по меѓите на лозјата покрај реката Рајна. Денот како нарачан за прошетка и "пуштање на мозокот на паша". И овојпат поминувавме покрај големото буре на крајот од плантажите, ама сега му беше отворена врата и ајде, да ѕирниме шо буре е? И гледаш некои ентузијасти од обична бочва направиле мала библиотека со катче за читање ?!?!? Седнав на едно од двете столчиња, погледот ми прескокнуваше помеѓу сталажата со книги и редовите на веќе пожолтените лозја…





И тоа е тоа. Така човек сфаќа дека за да направиш неште убаво треба главата да ти е слободна. Да не се мислиш кога и како ќе ги смениш гумите на колите, дали гумите на моторот се потрефени, дали ќе се најде нова работа и кога, дали интернет страниците ќе работат стабилно или пак ќе почнат да зафркават … ?!?!?

И туку наеднаш нешто направи, штрак. Ми текна. Преди некоја недела додека не беше сигурно дали ќе проработат интернет стриниците како што треба или се ново ќе се прави, ногу ми беше криво шо никогаш до сега не сум правел сигурносни копии. А прибидејќи Веле беше одговорен за проектот "преселба на интернет страните", они преработија во целосна форма и функција.

Ама јас првите можни моменти почнав се да копирам (така, по нашки старински, текст си е текст. Веле кажа дека има комплетни копии, ама…)
И така испаднаа интересни страници кои јас по мое ги скалушив како четиво за да некогаш кога имам време и мерак пак се потсетам на времињата минати.

А ако некој добронамерник, сака да ги убива долгите вечери по зимското сметање на времето, ќе има лектира која не е задолжителна ниту да се прочита, ниту да се запамти, ниту некоја поука ќе му биде наметнета. Само може да се примети дека со години вергламе у место и низ минатото…

# моментот е 0.0000125 секунди.

gordan 14.11.2023



- глобал шатер
- 120 слики во секунда
- експозиција 1/80000 (0.0000125 секунда осветлување на сензорот)
- семи актив возен построј
- сдмс алфа
- тфт дисплеј
- квик шифтер
- електричен куплунг

Последниве денови не поплавија со "новости" на сите полиња од кои јас собирам инспирација и спокој. SONY ја претстави најновата фотокамера, со перформанси шо "не се од овој Свет". Во можност е да направи 120 фотографии во секунда во полна резолуција и секоја "наострена" со автоматски фокус.
По нивно сега моментот трае само 0.0000125 секунди.

Пред некоја недела BMW го претстави BMW R 1300 GS прапрапраправнук на мојот сакан G/S. Нормално со сите салтанати и електронски асистенти и помагала. На салонот во Милано (EICMA) сите лафат за електонска и "интелегентна" суспензија, за ТФТ дисплеј, за поврзување на моторцикалот со смарт-телефоните, за "туристички ендура"?!?!?, за ретро моторцикли со најновите евро 5 стандарди.

Така си седам и си мислам… како бре до сега живееше виа Свет?
Кои предности ќе ги имаме ако наместо шест направиме 78 фотографии. ДА вероватноста да некоја од ни биде перфектно осветлена и остра ѓоа ваквоа, е ногу по голема. Шо ми значи ако со помош на "асистентот" од трета во четврта сменам за 0.6 секунди по брзо?

Колку брзо веќе треба да ја трчиме оваа трка наречена живот?

Првата моја самозаработена и купена фотокамера беше Minolta Dynax 5000i. Автоматски фокус, и експозицијата од 1/2000 сек. Втората бидна Canon EOS 5, со невероватни 1/8000 и пет полиња за автофокусот со можност да "одбериш" со поглед на нив !!!
Кога ќе се потсетам или помислам на досегашното мое фотографирање, ретко кога сум одбрал експозиција "побрза" од едно 1/800. Дали поради тоа шо објективите кои јас ги имам не се НАЈ острите или затоа шо мотивите шо ги

фотографирам не ми бегат толку брзо

Кога го пробував мојот "најнов" моторцикал финиот продавач почна да ми ги објаснува копчињата на рачките со кои може човек да ја прилагоди амортизацијата на моторциклот, зависно од тоа дали еден, двајца или двајца со се товар седат на него. Плус прилагодувањето на моторот со тоа дали сакаш да возиш нормално, спортски или возиш на дожд? А да, плус и радио има.

Бев и сум уште технички заинтересиран, ама, во последно време се повеќе сум реалист и “лежерист‟. Па така имам сфатено дека НОООГУ асистенти, “апови‟, помагала и слично шо скапи ни ги продават или се не потребни или никогаш не употребени.

Ете на пример, кога ќе купиш нов моторцикал. И ги уклучиш и наштелуваш сите асистенти и програми, можеби ќе “лебдееш на патот и нема да осетиш ниту една дупка ниту една нерамнина на патот, давањето гас и кочењето е контролирано од соодветните системи и немаш гајле дали ќе шкрипат гумите или не, затоа што тоа нема никогаш да се случи, навигацијата т.е. патот немора да го гледаш оти тоа го преземаат гоогле, гармин & со.  …
АМА шо правиме ако се дупне гумата???

Ете и ваа година поминаме без големи промени на модусите и програмите на моторциклот. Уклучени се (и ако сами не се измешале) и уште се на “комфорт‟ и двајца на моторот. Да секогаш е на двајца, зошто е баш добро така, кога сме двајца, убаво е и комфортабилно, а кога сум сам по тврдата амортизација е во

полез, ако ме ударат митулавите и добијам нагон да ги гребам ногарките….

И да, еве иде полека зима, време на ламбички и тмурни денови, експозицијата ќе забегува повеќе накај 1/8 или дури 8‟,  а не 1/8000 или скраја да е, 1/80000

# порано, се беше ….

gordan 26.11.2023



Од кога умре Тито, сите сакаме да биде како пред да умре.
Од кога се оддели Македонија од Југославија имаше доста кои сакаа да биде како пред тоа.
Од кога помина короната сите сакаме да биде како пред тоа.
И јас многу сакам да биде како пред осум месеци.
Ама воа шо се вика живот, маршира напред и понекогаш не не прашува кој пат да го фане. Па така сакал неќел, човек мора да се прилагодува и да се праве дека е господар на судбината, па колку може најубавото за душата да си го праве.
И така денеска наострен со добромисла, наполнив батериите на две камери и правец Луцерн.

Не. Нема да биде како пред осум месеци, уште помалку како пред короната, а најмалку како во Титова Југославија.
Викат, времето лечи се. Ама раните кои сме ги собирале на ваа дуња не се лечат. Они се тука, наши и тоа е убаво така. Зошто шо ќе биде човек ако е ист како пред десет, дваесет, пеесет години? Времето не лечи рани. Времето не учи да живееме со раните и да со секоја нова рана станувамe посилни.

Може ќе ми треба уште некој месец, или година, да повторно бидам господар на моите рани и повторно Светот го гледам повеќе од убавата страна…

https://foto-gogo.ch/album/231126/

# дигитронче

gordan 17.12.2023



После ланската ‟енергетска криза‟ ваа година сме нападнати од ‟вештачка интелегенција‟…

Вештачка интелегенција.

Künstliche Intelligenz (KI) по ѓермански
Artificial Intelligence (AI) по англичански

И пак. Машинеријата уклучена на нај јако. Вештачка интелегенција вака, вештачка интелегенција нака.
А нас не учеа дека човекот е нај интелегентното животно. Има и по некое друго, шо покажува некој степен на интелегенција, ама човекот е ‟совршен‟.

Незнам кога испаднале првите електронски рачунала, ама во народот познатиот ‟дигитрон‟ го сретнав некаде во основното школо, ногу одамна е тоа, минатиот век. Фасцинирани бевме како брзо (и точно) ги решава од нас напишаните ‟задачки‟.
После му се чудеме и на ‟Deep Blue‟ од IBM, ама он беше и поголема кутија! Па и денешните ‟интелегентни‟ телефони заминаа …
АМА сето тоа се машини, внуци и правнуци на дигитрончето од четврто одделение, ама машини. Истите они работат со нули и еденици. Предноста на новите е шо имаат неколку пати (милиони) по голем капацитет на редење на нулите и едениците.
Исто и електронските ‟асистенти‟ и автоматските ‟сервисери‟ на кои веќе неколку години сме им веќе испорачани. Од некогашните ‟за германски стисни 1, за француски стисни 2, за италијански стисни 3, за англиски стисни 4 … поминаа на ‟интелегентни асистенти‟ па ако гласот не ти е како на Атанас Костовски ќе си изнаправиш муабет со ‟електронскиот асистент‟.

Вештачка интелегенција? Де ќе ве молам. Тоа сето се дигитрончиња кои ја имаат силата и од некој дозволата, да крадат, зимаат, поредуваат на ново и го продават како нивен производ, безкрајниот ред на нули и еденици.

И сето воа нема ич ни да ми е потребно или да ме интересира, ако пустото не почнеше полека и курвински да се мушнува во мојот и животот на не толку ‟интелегентни‟ суштества, па како наа старата ‟ тивка вода брег рони‟, не регрутираат во машинеријата наречена тотална контрола.